ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА ФРАНЦИЈА | СЛЕДБЕНИШТВО | AIRBUS HELICOPTER „H145“ | ХАУБИЦА „TRF1“ 155 MM

# ШТИТ

Број 124
Февруари 2020
ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



## Повисоки плати, подобра опрема и подобри услови за работа за припадниците на Армијата



# Посета на претседавач на Воениот комитет на

Претседавачот на Воениот комитет на НАТО, воздухопловниот маршал Стјуарт Пич, за време на неговата прва официјална посета на Република Северна Македонија, на покана од началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски,, престојуваше во Генералштабот на Армијата и Министерството за одбрана. За време на средбата помеѓу генералот Ѓурчиновски и маршалот Стјуарт Пич се разговараше за тековните процеси кои се преземаат во Армијата во пресрет на скорешното полноправно членство во НАТО-алијансата и за поддршката од највисокото воено советодавно тело на НАТО.

На средбата со министерка за одбрана, Радмила Шекеринска, беше заклучено дека Северна Македонија е подготвена за полноправно членство во НАТО и дека истото ќе се случи во најскоро време. Министерката Шекеринска искажа уверување дека позитивниот развој на настаните во Шпанија ќе овозможи нашата земја навреме да го ратификува Протоколот за прием во Алијансата. Претседавачот на Воениот комитет на НАТО, воздухопловниот маршал Стјуарт Пич, ги поздрави реформските чекори во трансформацијата на Армијата и ја истакната натамошната поддршка на планот за обуката и за вежбите. Од страна на високите воени раководители во Генералштабот, пред Стјуарт Пич и делегацијата, беа презентирани плановите за развој на способностите,



# от НАТО

планираните заеднички активности во меѓународните вежби на НАТО, учеството во мировните мисии, како и тековниот процес на трансформација на командите и единиците на Армијата.
Од страна на Стјуарт Пич беа искажани пофални зборови за досегашниот вложен труд и за успешниот процес на трансформација од страна на Армијата во интегративниот процес за нашето претстојно полноправно членство во НАТО. Воедно, тој истакна дека претстојната фаза на потполна интеграција се очекува да биде полесно остварлива со оглед на нашето досегашно искуство, како и дека можеме да очекуваме целосна поддршка од  НАТО-командните структури на сите нивоа.
Генералот Ѓурчиновски истакна дека Генералштабот и сите команди и единици во претходната година успешно се справија со сите предизвици во поглед на исполнување на сите приоритети во врска со нашата потполна интеграција во НАТО.







# содржина

ШТИТ ▪ година XII ▪ број 124 ▪ февруари 2020


Инфо 5

На прва линија
**Повисоки плати, подобра опрема и подобри услови за работа за припадниците на Армијата** 6

НАТО-активности
**Посета на воздухопловната база „Червиа“** 8

Глобал
**Пораст на деснокрилниот екстремизам-тероризам** 10

Мисии на ООН
**United Nations Emergency Force (UNEF) – Суецки Канал (1956 – 1967 ) II дел** 14

НАТО-армии
**Вооружените сили на Франција** 16

Едукација
**Следбеништво** 20

Вооружување
**„PUMA“ – германско борбено возило на пешадијата** 32

Вооружување
**Airbus Helicopter „H145“ („EC145“)** 34

Вооружување
**„COMMANDO Select“** 36

Вооружување
**„Либератор ФП-45“ Штос, или добра идеја?** 40

Глобал
**Како да се промени деловната култура** 48

Незадолжително
**Случајни случки се случуваат** 52

Филм
**„Варшава, 44-та“** 56

# Успехот е заеднички

Граѓаните на Република Северна Македонија, а особено вработените во Министерството за одбрана и во Армијата на Република Северна Македонија, на почетокот на 2020 година со гордост можат да констатираат дека упорноста, залагањата и активностите преземани години station наназад влегуваат во својата завршница и дека оваа мала земја, минувајќи во минатото низ безброј предизвици, попречувања, саботирања, блокади и условувања, успеа да се справи со сиот товар на деценискaта стагнација на патот кон НАТО и наскоро ќе го реализира членството во најголемиот светски воено-политички сојуз.

„Успехот е заеднички и е резултат на одлучноста на граѓаните, но и на одговорните и државнички политики во изминатите 2,5 години", изјави министерката за одбрана Радмила Шекеринска на прес-конференцијата во Министерството за одбрана. „Последните вести од Шпанија се охрабрувачки. Дозволете ми во името на Владата да ги поздравам овие вести. Станува јасно дека нашиот приоритет е и приоритет на НАТО и приоритет на земјите-членки на НАТО, и фактот дека новоформираната влада во Шпанија веднаш го пушти Законот за ратификација, и тоа по брза постапка, покажува дека го делиме приоритетот, час поскоро да станеме членка на Алијансата", рече министерката Шекеринска.

Министерката во својата изјава за медиумите се осврна кон опасностите од заговарања на идеите за поништување или повторно отворање и ревидирање на Договорот од Преспа што, според министерката, во овој период на финални чекори до членството во НАТО, е неодговорно и ризично за нашата држава. Договорот од Преспа е од круцијално значење за зачленувањето на Република Северна Македонија во НАТО. Овој договор е склучен помеѓу два соседи со силно присуство и поддршка на меѓународната заедница и неговото негирање е „исто како овде на Балканот да се пали 'буре-барут', нагласи министерката Шекеринска.

„Без Договорот од Преспа нема членство во НАТО. Без членството во НАТО нема безбедност, стабилност, сигурни државни граници и обезбедена иднина. Без НАТО нема ни зголемени инвестиции, ниту поголем економски раст", истакна министерката.

Министерката, во изјавата, ги повика пратениците на ВМРО-ДПМНЕ да го поддржат Законот за одбрана. „Дозволете, барем на крајот од овој процес, да ѝ се помогне на државата да го искористи членството во НАТО за гарантирање на колективната безбедност. Законот за одбрана значи дека ние дефинитивно ќе бидеме под колективниот безбедносен 'чадор' на НАТО. Законот за одбрана навистина е стратегиски државен приоритет. Кој е против Законот за одбрана, за чие гласање е неопходно двотретинско мнозинство, тој реално е против нашето членство во НАТО", истакна министерката Шекеринска.

Да се надеваме дека здравиот разум ќе надвладее, дека ќе се надминат и овие последни пречки и дека, Законот за одбрана ќе биде изгласан и ќе биде ратификуван Протоколот за членство во НАТО во Собранието и дека сите заедно ќе ги уживаме придобивките и напредокот што нè очекуваат со приемот на нашата држава во НАТО.

д-р Жанет Ристоска




ШТИТ
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат
еднаш во месецот

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)

Печати:
„СТУДИО НАМПРИНТ"
ДООЕЛ Скопје

„Орце Николов" 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.



# Учество на НГШ на Заседанието на ВК на НАТО

Началникот на Генералштабот, генерал-мајор Васко Ѓурчиновски, учествуваше на 182. заседание на Воениот комитет (ВК) на НАТО во Брисел. Генералот Ѓурчиновски по вторпат учествуваше на сите сесии од заседанијата на ВК на НАТО, како началник на армија на поканета земја која наскоро ќе биде полноправна земја-членка на Алијансата. Ова беше истакнато и во воведниот говор од страна на претседавачот на ВК, воздухопловниот маршал, Стјуарт Пич. Во говорот, маршалот му искажа добредојде на началникот на ГШ на Република Северна Македонија. Во своето обраќање пред учесниците на заседанието, генералот Ѓурчиновски, покрај искажаната благодарност за целосната поддршка од страна на највисокото воено советодавно тело на НАТО, ја истакна посветеноста на Армијата во извршувањето на сите активности при подготовките за полноправно членство во НАТО-алијансата. На почетокот од заседанието, од страна на генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг, беше претставен политичкиот контекст на дејствување на Алијансата како основа за понатамошните дискусии. За време на останатите сесии на дводневното заседание на ВК, началниците дискутираа за тековните оперативни обврски на НАТО и за понатамошните активности. Исто така, на посебни сесии се разговараше за ангажирањето на НАТО во мисијата „Одлучна поддршка“ во Авганистан, за мисијата на НАТО во Ирак и за мисијата на КФОР. На сесијата поврзана со учеството во мисијата „Одлучна поддршка“ во Авганистан, во која педесетина наши припадници извршуваат различни задачи во неколку команди, беа презентирани најновите стратегиски и оперативни информации поврзани со безбедносната ситуација во Авганистан. За време на заседанието, генералот Ѓурчиновски оствари повеќе средби и размени мислења со началници од армиите-членки на НАТО и партнерските нации, на кои се разговараше за повеќе теми од безбедносен аспект, кои се од заемен интерес и од меѓусебна соработка, меѓу кои и прашања поврзани со актуелната ситуација на Блискиот Исток.



# Почит за загинатите

На спомен-обележјето кај Катлановско Блаце, со полагање на свежо цвеќе се оддаде почит на единаесетмината припадници на Армијата кои пред дванаесет години трагично загинаа во хеликоптерска несреќа. Со едноминутно молчење и венци со свежо цвеќе, почит на загинатите, покрај членовите на семејствата, оддадоа делегации од Генералштабот предводена од заменикот на началникот на ГШ, генерал-мајор Азим Нуредин, Министерството за одбрана, предводена од заменикот на министерката, Беким Максути, од општината Петровец, предводена од градоначалникот Борче Митевски, Командата за операции, воздухопловниот ВИНГ и Првата пешадиска бригада. Годишнината од хеликоптерската несреќа беше одбележана од страна на воздухопловниот ВИНГ и од семејствата на загинатите пред спомен-обележјето во касарната ,,Страшо Пинџур“ во Петровец и кампот „Бутмир“ во Сараево, Босна и Херцеговина, каде што нашите мировници беа дел од мисијата АЛТЕА. Армискиот хеликоптер „Ми-17“, враќајќи се од мировната мисија АЛТЕА, се урна на 12 јануари 2008 година кај Катлановско Блаце, при што трагично своите животи ги загубија потполковник Тони Спасовски, мајор Горан Ристовски, капетаните Бране Спасовски и Игор Ѓорески, заставниците Славчо Василев и Тони Давитковски, постарите водници Јанко Шириќ, Мики Ивановски, Александар Тасковски и Александар Васиќ и десетарот Златко Вељановски.



# Одбележани патронати

Во касарните „Страшо Пинџур“ во Петровец и „Мирче Ацев“ во Прилеп, со полагање на свежо цвеќе беа одбележани патронатите и 77-годишнината од погубувањето на народните херои Страшо Пинџур и Мирче Ацев. Во касарната во Петровец свежо цвеќе положија делегации од Командата за операции предводена од генерал-мајор Павле Арсоски, командата на 1. пешадиска бригада, Командата на воздухопловниот ВИНГ, претставници од општина Кавадарци и од Музејот на Кавадарци, Здружението на борците, а во касарната во Прилеп свежо цвеќе положија делегации од 1. пешадиска бригада, Артилерискиот баталјон, општината Прилеп и Сојузот на борците од Прилеп. На одбележувањето на патронатите беа одржани историски часови за животот и делата на народните херои Страшо Пинџур и Мирче Ацев. Пред присутните, во касарната во Петровец, за животот и делото на Страшо Пинџур говореше претставничката на музејот од Кавадарци, историчарот Марија Михова, а свое обраќање имаше и командантот на 1. пешадиска бригада, полковник Бесник Емини кој, меѓу другото, истакна дека одбележувањето на патронатот, денес ја зацврстува врската со богатата историја на македонскиот народ и дека припадниците на Армијата се задолжени да ги почитуваат делата и загубените животи на сите борци за слободна и независна држава.



На одбележувањето на патронатот на касарната во Прилеп, за животот и делото на народниот херој Мирче Ацев, свое обраќање имаше историчарот Илија Велковски и потполковникот Ѓорѓи Василевски, а свој настап имаа и учениците од гимназијата „Мирче Ацев“ од Прилеп, кои рецитираа стихови за Мирче Ацев.



# Повисоки плати, подобра опрема и подоб
# за работа за припадниците на А

Министерската за одбрана, Радмила Шекеринска, заедно со британскиот бригаден генерал Хју Лојд Џонс, на 21 јануарија ги посетија припадниците на Армијата во касарната „Јане Сандански“ во Штип, каде што со помош на инструктори од вооружените сили на Обединетото Кралство се врши обука на припадниците од Армијата кои ќе бидат во состав на Лесната пешадиска борбена група лоцирана во касарната во Штип, која ќе биде главниот НАТО-ресурс од Армијата на Република Северна Македонија



По извршената обиколка и средбите со припадниците на Армијата, министерката за одбрана Радмила Шекеринска и бригадниот генерал Хју Лојд Џонс дадоа изјава за медиумите за целта на посетата на штипската касарна. Министерката за одбрана, во изјавата за медиумите, истакна дека штипската касарна е место за добри вести. „Тука бев кога за прв пат најавивме подобрување на условите за работа и зголемување на платите на припадниците на Армијата пред две години. После две вакви зголемувања, денес во Штип можам да им потврдам на сите припадници на Армијата, дека од крајот на овој месец платите на сите цивилни лица во Армијата ќе бидат дополнително зголемени за 10% и дека на почетокот од март, сите припадници на Армијата, оние коишто имаат над тригодишни договори, ќе добиваат месечни надоместоци за станарина во износ од 7.000 денари секој месец. Тоа значи дека, ако пред две и половина години платата на еден професионален војник изнесувала 20.000 денари ,



тогаш, со овие зголемувања, заедно со станарината, тој професионален војник сега секој месец ќе добива над 30.000 денари, што значи дека за оние коишто имаат најниски приходи во Армијата, зголемувањето на месечните приливи ќе биде над 50%“, рече министерката Шекеринска. Министерката додаде дека на овој начин се зголемува мотивираноста и желбата на припадниците да продолжат да работат

борбена група. Денес, еден дел од нив се тука во Штип, еден дел се на терен во Криволак. Навистина ќе ни биде задоволство преку вакво сојузништво со една земја од нашите стратешки партнери, Обединетото Кралство, да покажеме за што сè е подготвена нашата армија. Ова е придобивка за нас, за припадниците на Армијата, но ова ќе биде и придобивка во поглед на НАТО-ресурсите. ‘Сите за еден, еден за



# ри услови
# рмијата



овде но, исто така, се подобруваат и условите за работа. „На овој начин, ние ќе покажеме дека нашата армија е подготвена да биде армија на НАТО“ – изјави министерката Шекеринска. „Во кампањите што ги водевме изминативе години велевме: ‘Ние сме НАТО’. Оваа година навистина ќе станеме членка на оваа најголема алијанса. Меѓутоа, членството значи повисоки стандарди, повисока професионалност и повисоко знаење. И, затоа, навистина ми претставува задоволство што токму во Штип ќе биде лоциран нашиот главен НАТО-ресурс – Лесната пешадиска борбена група, којашто ќе има и повисоки стандарди на обука и повисоки стандарди во поглед на опремата. На крајот на минатата година успеавме да го потпишеме првиот договор со кој обезбедивме оклопни возила токму за оваа група. Меѓутоа, опремата е еден дел од процесот. Најважниот дел во нашиот процес се луѓето. Покажавме дека ни се важни на тој начин што ги зголемивме нивните приходи, но сега, овде во Штип и на Криволак, покажуваме дека ни е важно, пред сè, нивното знаење. Сакам да ја изразам мојата благодарност до Обединетото Кралство, коешто во овој момент е фокусирано токму на обуката на луѓето кои ќе бидат главната движечка сила на оваа

сите’, истакна министерката Радмила Шекеринска во своето обраќање. Бригадниот генерал Хју Лојд Џонс изјави дека Обединетото Кралство со нетрпение очекува да ја поздрави Северна Македонија како 30. членка на семејството на НАТО.

„Лесната пешадиска баталјонска група што ја развива Армијата на Република Северна Македонија ќе биде подобро опремена, подобро обучена, и ќе има подобри ресурси од која било друга конвенционална единица што ја претставувала АРСМ на терен. Оваа способност ќе биде организирана и обучена во согласност со НАТО-стандардите и ќе биде основа на воениот придонес на Армијата кон Алијансата“ рече Џонс.

Тој додаде дека Обединетото Кралство многу ја цени можноста да даде своја поддршка на приемот на Северна Македонија во Алијансата и да обезбеди практична помош за развој на Лесната пешадиска баталјонска група.

Обуката ја изведува тим за обука од Вториот баталјон на Полкот на војводата од Ланкастер. Еден дел од обуката беше презентиран пред министерката Шекеринска и пред бригадниот генерал Џонс. Во моментов на полигонот „Криволак“ се врши лесна пешадиска и лидерска обука за 30 потенцијални подофицери од Првата пешадиска чета.



# Посета на воздухопловната база „Червиа“

Соработката со италијанските вооружени сили во текот на 2019 година беше исклучително плодотворна. Овојпат, во прилог на оваа билатерала, пишуваме за посетата на воздухопловната база „Червиа“ во состав на италијанските воздухопловни сили (Italian Air Force – Aeronautica Militare)

Базата „Червиа“ е лоцирана во Северна Италија, на околу 6 км југозападно од градот Червиа, во провинцијата Равена. Во базата бил сместен поранешниот 5. борбен винг (5th Fighter Wing), кој оперираше и ги користеше изнајмените борбени авиони „Ф-16“ на САД (US Air Force, „Lockheed Martin F-16 Falcon“). Исто така, „Червиа“ е НАТО-воздушна база, а воедно ја посетуваат и другите воздушни сили на НАТО. Откако Италија ги вратила изнајмените „Ф-16“ авиони на американските воздухопловни сили, 5. борбен винг бил распуштен и на негово место се позиционирала 1. специјална воздушна бригада. Заедно со неа пристигнал 15. винг на италијанските воздушни сили за борбено барање и спасување (CSAR – Combat Search and Rescue), кој беше и планирана цел на нашата посета. Сакам да го истакнам и историскиот факт дека за време на Втората светска војна, аеродромот го користела Армијата на САД, поточно копнената авијација (79-тата борбена група), летајќи борбени операции со авионите „P-47 Thunderbolts“. Кон крајот на Втората светска војна аеродромот е користен и од страна на Кралските воздухопловни сили на Велика Британија (112. сквадрон), од февруари 1945 до мај 1945 година, како и од 15. ескадрила на воздушните сили на Јужноафриканската Република. Старешините од Армијата на Република Северна Македонија ја продолжија воспоставената билатерална соработка со Италија и италијанските воздушни

сили. Посетата започна со воведен брифинг од страна на домаќините на кој беа претставени структурата, мисијата и задачите на воздухопловната база „Червиа“. После тоа следуваше посетата на оперативните сквадрони во состав на воздухопловната база и на 15. винг, кои ги поседуваа и оперираа со воздухопловите „AgustaWestland 139“ (AW139) и „AgustaWestland“ 101 (AW101).

## „AgustaWestland 139“ („AW139)

Компанијата „AgustaWestland“ е основана во 2000 година како резултат на спојување на две компании, италијанската „Agusta“ и англиската „Westland“ со по 50% учество, а како одговор на националните барања за потребите на развој на нов тип нхеликоптер. Од 2016 година компанијата се преименува во името „Leonardo Helicopters.“
Овој воздухоплов е нова генерација на хеликоптери, со поставување нови стандарди во согласност со најновите строги барања во поглед на перформансите и безбедноста. AgustaWestland AW139 е среден транспортен, повеќенаменски, двомоторен хеликоптер со дизајнерски црти карактеристични за современите хеликоптери. За посадата, патниците и техничкиот состав е предвиден максимален конфорт. Со цел намалување на трошоците, цивилната и воената варијанта на хеликоптерот имаат 90% исти делови. Во декември 2004 година „AW139“ е оценет за хеликоптер со помали оперативни трошоци и поголема продуктивност од било кој друг хеликоптер во класата од 5-8 тони.
Хеликоптерот изобилува со современа опрема и системи за: гасење пожар, метеоролошко извидување, специјална опрема за барање и спасување, систем за носење надворешен товар, дигалка за спасување од непристапни места, систем за двојно искокнување на специјалци со јажиња и друго. AgustaWestland е светски лидер во производството на хеликоптери, во обуката на пилотскиот и техничарскиот состав, со богато искуство и висок квалитет на сите полиња од овој домен. Како заклучок вреди да се напомене статистиката која вели дека речиси 180 корисници од над 50 земји во светот порачале AW139 хеликоптери. Колегите од Италија се потрудија и го презентираа сквадронот и хеликоптерите на најдобар можен начин. После тоа следуваше посета на сквадронот кој ги оперираше воздухопловите „AgustaWestland AW101“.

## „AgustaWestland AW101“

Импресивен хеликоптер кој не не остави рамнодушни во однос на изгледот, карактеристиките и неговата намена. Тој е среден транспортен и сенаменски хеликоптер кој се користи во двете варијанти, воена и цивилна, а се произведува во фабриките во Англија и во Италија. Неколку оператори, вклучувајќи ги вооружените сили на Велика Британија, Данска и Португалија, го користат името „Мерлин“ за нивните хеликоптери „AW 101“.
Хеликоптерот користи напредни технологии, посебно во дизајнот на роторите и авионските системи, како и во употребата на композитни материјали. Структурата на трупот е модуларна и се состои од алуминиумско-литиумска легура, дизајнирана да биде и лесна и отпорна на оштетување. AW101 е дизајниран за работа во екстремни временски услови, може да биде опремен со систем за одмрзнување и може да оперира на температури кои се движат помеѓу -45 до +50°C. Активниот систем за контрола на вибрациите, ги намалува вибрациите на конструкцијата до 80% со што се зголемува удобноста на екипажот, а воедно го минимизира оптеретувањето на самата конструкција. Постојат дисплеи во боја и со висока резолуција, како и дополнителни системи: Mission Display, Digital Map и Forward-Looking Infrared.
Со цел да се намали обемот на работа на пилотите на хеликоптерот за преземање широк спектар на мисии, вградени се следните системи: Digital Automatic Flight Control System (pitch, roll, yaw, collective), Autopilot & Automatic Stabilisation System поврзани со Flight Management System. Дополнително на ова, има системи кои дозволуваат извршување широк спектар на мисии: транспорт на трупи и карго, медицинска евакуација, борбено барање и спасување, против поморско војување како и за извршување на многу други задачи.
„AW101“ се напојува со три млазни мотори. Повеќето варијанти на „AW101“ се опремени со системи за самоодбрана како: Chaff and Flare Dispensers, Directed Infrared Countermeasures, Infrared Jammers, Electronic Support Measures, Laser Detection, Warning System, Armouring Against Small-Arms Fire и Forward Looking Infrared Imaging Sensor. Хеликоптерот вообичаено е управуван од страна на трочлен екипаж: пилот, набљудувач и оператор. Пилотот е во состојба да лета во текот на поголемиот дел од мисијата во мод без раце (Hands-Off Mode) овозможено од страна на софистицирани автоматики. Сите членови на екипажот имаат индивидуален пристап кон управувањето со компјутерите и тактичките информации.
Како заклучок можам да истакнам дека наведената посета претставува исклучителна можност за размена на искуства помеѓу двете воздухопловства. Особено беше важно согледувањето на техниката со која располагаат италијанските воздухопловни сили како и можностите за извршување широк дијапазон на мисии и задачи. Посебно е значаен увидот во карактеристиките на западните платформи на хеликоптери кои во блиска иднина би можеле да бидат дел од потенцијалните типови за опремување на нашето воздухопловство и за усогласување со високите стандарди на НАТО, посебно со приемот на Република Северна Македонија како членка на Алијансата.



Драган Павловски
Игорчо Стоименовски




# Пораст на деснокрилниот екстремизам-тероризам

Деснокрилниот тероризам е мотивиран од различни екстремни десничарски идеологии, а најизразени се неофашизмот, неонацизмот и белиот национализам. Десничарските терористи имаат цел да ги соборат владите и да ги заменат со националистички или фашистички режими. Дел од овие групации бараат да се воспостават христијанските вредности како закон, другите религии претставуваат нивна цел, со тврдење дека се во војна со христијанството. Од овие причини понекогаш наликува на религиозниот тероризам, а нивното криминално делување како злосторство од омраза. Заканата од екстремно десничарскиот тероризам во последниве години еволуираше и постојано расте. Терористичкиот напад врз две џамии во Нов Зеланд, во кои загинаа 50 лица, а десетици беа повредени, прашањето за порастот на екстремно десничарскиот тероризам повторно го искачија на врвот на безбедносната агенда на западните демократии. Во изминатите 10 години имаше бројни напади врз муслимански и еврејски заедници.

Деснокрилниот екстремизам е прилично тешко да се дефинира, а всушност има над 20 различни дефиниции кои се користат за опишување на деснокрилниот тероризам. Причината поради која е тешко да се дефинира овој вид тероризам е тоа што деснокрилните терористички групи имаат различни цели и идеологии. Дел од заедничките цели циркулираат околу ксенофобијата, расизмот, национализмот и желбата за силна држава

- Германија 2009 година: Марта Ел-Шербини, фармацевтка која живеела со сопругот и синот во Дрезден, со нож беше убиена од страна на 28 годишен германец со руско потекло, кој претходно ја нарекувал „терорист“ и „исламист“. Ова се смета за прв напад и прва жртва на исламофобијата во Германија.
- Норвешка 2011 година: Терористички напад во кој загинаа 77 лица, а беше извршен од страна на десничарскиот екстремист Андерс Бреивик на 22 јули 2011 година. Тој прво активирал бомба во Осло, а подоцна извршил масовно убиство на островот Утоја. Пред нападот, Бреивик објавил манифест каде што го осудил мултикултурализмот и „Исламизацијата на Европа".
- САД 2015 година: На 10 февруари во Чапел Хил – Северна Каролина, беа убиени тројца студенти-муслимани, Деа Баракат, Јусур Абу-Салха и Разан Абу-Салха. Убиството го извршил нивниот 46-годишен сосед кој претходно се заканувал и ги малтретирал жртвите. Убиствата предизвикаа бес на интернет, со милиони твитови, користејќи го хаштагот #MuslimLivesMatter.
- САД 2015 година: На 15 јуни 2015 година во Емануелската африканска методистичка епископална црква во Чарлстон, Јужна Каролина, за време на молитва беа убиени девет Афроамериканци, вклучувајќи го и пасторот во црквата. Убиецот е 21-годишен белец кој подоцна во 2017 година беше осуден на



Екстремната десница е составена од поединци или групи кои веруваат во следниве идеали: жесток национализам, антиглобализам против централната власт, индивидуална слобода ( право да поседува оружје, да бидат ослободени од даноци), теории на заговор и веруваат дека личниот и националниот „начин на живот“ е загрозен или веќе е изгубен. За нив заканата е реална и неизбежна и таа доаѓа од специфична етничка, расна или верска група. Тие веруваат во потребата да бидат подготвени за напад со учество во паравоени формации каде што се подготвуваат и се обучуваат

смрт, а претходно изјавил дека со терористичкиот акт сакал да предизвика етнички конфликт.

- Германија 2016 година: На 22 јули 2016 година во трговски центар во Минхен, со огнено оружје беа убиени 10, а ранети 36 лица. Во терористичкиот напад убиен е и извршителот кој подоцна од истрагата е утврдено дека сакал да се одмазди на луѓето со имигрантско потекло.
- Велика Британија 2017 година: На 19 јуни 2017 година извршен е напад во близина на џамија во паркот Финсбери во Лондон. 47 годишен маж уби 1, а рани 10 луѓе – сите муслимани кои се спремале за молитва, откако со комбе влетал во групата луѓе кои се наоѓале непосредно до џамијата. Напаѓачот подоцна е осуден на доживотен затвор, а изјавил дека е мотивиран од „омразата кон исламот“.
- Канада 2017 година: Во јануари 2017 година во Квебек, беше извршен терористички напад врз Исламскиот културен центар. Вооружен напаѓач отворил оган од автоматско оружје при што загинале 6 лица, а биле повредени повеќе од 10. Канадскиот премиер го осуди убиството како „терористички напад врз муслиманите“.
- САД 2018 година: На 18 октомври 2018 година, 46 годишен маж со автоматско оружје извршил напад врз синагогата во градот Питсбург, при што загинале 11 лица, а биле повредени 7. Ова е најсмртоносниот напад врз еврејскиот народ во историјата на САД.
- Нов Зеланд 2019 година: На 15 март 50 луѓе се убиени, а 50 повредени во напад врз џамии во градот Крајстчрч во Нов Зеланд. Напаѓачот е расист и десничарски милитант од Австралија.

Терористот од Нов Зеланд е обвинет за убиство на 50 лица и повредување на исто така најмалку 50 лица. Нападот се случил во петок, за време на молитвите во двете џамии. За да го зголеми психолошкото влијание на нападот, сторителот ги искористил социјалните медиуми и во живо го споделил нападот. Терористот на 87 страници го образложил нападот, спротивставувајќи се на мултикултурализмот и муслиманската имиграција, истакнувајќи ја желбата да предизвика глобална војна помеѓу белата раса и останатите. И покрај податоците што укажуваат дека деснокрилниот тероризам и насилството претставуваат една од најзначајната домашни закани по западните демократии, помалку ресурси се посветени на борбата против него во споредба со другите видови на екстремизам и тероризам.

Во таа насока, Германија направи напори во текот на 2019 година за 50% да го зголеми бројот на персонал во одделите кои работат на сузбивање на деснокрилниот екстремизам, односно да се приближи до ниво на одделите кои работат на сузбивање на милитантниот исламизам. Во Обединетото Кралство, во периодот помеѓу 2016 и 2017 година, борбата против тероризмот е во пораст за 88%, а посебно делот од истрагите на деснокрилните екстремистички активности. Во 2018 година „МИ 5“ беше задолжена за преземање на разузнавачки активности, следење и мониторирање на десничарските екстремистички групи и поединци. Ова значи дека заканата од деснокрилната екстремистичка идеологија сега се наоѓа на исто ниво со милитантниот исламизам и тероризмот поврзан со Северна Ирска.

Со оглед на тоа што деснокрилниот екстремизам и тероризам станува сè поголема закана за САД и Европа, неговите меѓународни димензии стануваат сè поочигледни. Десничарските екстремисти патуваат низ светот и создаваат врски, градат глобална мрежа на истомисленици, идеолози и поддржувачи. Постојат многу сличности во идеологијата, стратегијата и тактиката, особено во регрутирањето, помеѓу џихадистичките организации и деснокрилните екстремисти, вклучувајќи го и акцентот на анархијата и нарушувањето на општеството преку насилство.





И покрај тоа што САД и нивните сојузници во изминатите 20 години градеа инфраструктурата за споделување разузнавачките информации и соработка во борбата против тероризмот, оваа мрежа главно се користеше за размена на информации за терористичките организации „Ал Каеда“ и „Исламската држава“. Денес, потребна е посветеност и експлоатирање на оваа изградена инфраструктура за попречување на деснокрилните терористички мрежи. Во САД постои поврзаност помеѓу активностите на ФБИ, Здружените противтерористички сили и другите локални агенции кои работат заедно за да ги попречат десничарските терористички активности.
За Австралија и Нов Зеланд, пред последниот напад, главен безбедносен ризик претставуваше милитантниот исламизам. Во последниот извештај на безбедносно-разузнавачката служба на Нов Зеланд, деснокрилниот екстремизам не се смета за сериозна закана. Во извештајот од 2017 година на австралиската разузнавачка служба е забележано дека во земјата има ниско

Во Обединетото Кралство, во периодот помеѓу 2016 и 2017 година, борбата против тероризмот е во пораст за 88%, а посебно делот од истрагите на деснокрилните екстремистички активности. Во 2018 година „МИ 5“ беше задолжена за преземање на разузнавачки активности, следење и мониторирање на десничарските екстремистички групи и поединци

ниво на насилство помеѓу заедниците, а во 2016 година, само едно лице е обвинето за деснокрилен тероризам. Извештајот не ја отфрла можноста за напади, но нагласува дека сите можни напади од екстремистите-припадници на екстремната десница „веројатно би биле насочени кон муслиманската или левичарската заедница, со ниска способност за предизвикување штета и поверојатно е дека ќе бидат извршени од осамени индивидуални актери или помала група“.
Според извештајот на ЕВРОПОЛ, во 2017 година се регистрирани 205 терористички активности, од коишто 5 деснокрилни, и сите во Обединетото Кралство, 137 сепаратистички, 24 левичарски и 33 џихадистички. Во 2017 година, од вкупно 1219 лица осомничени и уапсени за тероризам, 20 беа класифицирани како екстремно деснокрилни екстремисти. Според Базата на податоци за глобален тероризам, во Западна Европа за 2017 година се забележани 28 деснокрилни терористички инциденти во споредба со само еден во 2007 година.
Според изјавата на комесарот за борба против тероризмот на Обединетото Кралство, екстремно десничарските активисти се „организирани, професионални и активно се обидуваат да регрутираат свои следбеници“. Од 2012 година бројот на деснокрилни екстремистички поддржувачи е зголемен за речиси 300%, додека бројот на поддржувачите на милитантните исламистички екстремисти е зголемен за 80%.
Во 2017 година во Германија се евидентирани 39.505 „политички мотивирани“ криминални акти. Половина од нив се препишуваат на деснокрилните идеологии, од кои 1130 се криминални акти со насилство. Исто така, во 2017 година деснокрилните екстремисти извршија 300 напади врз центрите за азил во Германија.  Во периодот помеѓу 2002 и 2017 година, во Северна Америка имаше 86 деснокрилни инциденти со 62 смртни случаи.
Можеме да заклучиме дека деснокрилниот екстремизам и тероризам претставува глобална, брзорастечка закана по западните демократии. Обвинителството и правосудниот систем прецизно не ги дефинираат тактиките и организациските форми коишто ги користат деснокрилните терористички организации, а со тоа се чини дека е потешко екстремно десничарското насилство да се класификува како тероризам.
Екстремното деснокрилно насилство е директно насочено кон темелите на демократската култура: плурализмот и толеранцијата. Тоа всадува страв помеѓу своите жртви и го негира монополот на сила воспоставен преку владеењето на правото. Ова значи дека екстремно десничарското насилство може да има долгорочни негативни ефекти врз демократските општества. Идеолошко мотивираното насилство, без разлика од која средина доаѓа, мора да се сфати сериозно.

д-р Ненад Танески



# Усовршување на воените вештини

Со програмата за едукација и обука на резервните офицери и подофицери во 2020 година се испланирани голем број содржини во функција на продлабочување и обновување на воените знаења и вештини. Овие актуелни содржини се усогласени со НАТО-стандардите и искуствата на Меѓународната конфедерација на резервните офицери (CIOR), што во програмското ангажирање на Организацијата на резервните офицери на Р. Северна Македонија континуирано се практикува од 2005 година, од кога таа стана придружна членка на ова евроатлантско семејство на резервните офицери. Нагласено место во програмата за 2020 година имаат содржините кои се однесуваат на информативно-теоретскиот дел, практичната обука, негувањето на слободарските традиции и меѓународните активности во рамките на соработката со CIOR. Во информативно-теоретскиот дел ќе се организираат трибини на кои ќе се обработат три актуелни теми : „Воените знаења и вештини во функција на јакнење на одбранбениот систем“, „Резервистите во новиот милениум – предизвици и ризици“, „Предизвикот и опасностите од имигрантската криза како можен предизвикувачки фактор за нестабилноста на Р. Северна Македонија“. Во практичниот дел на обуката на стрелиштето „Долно Оризари“ ќе се одржи државен натпревар во гаѓање со пиштол 7,62 мм на кој ќе учествуваат 100 членови од сите ООЕ на ОРОРСМ. На традиционалниот кондиционо-едукативен марш по повод Денот на ОРОРСМ што ќе се одржи во Охридскиот регион (с. Лескоец – с. Скребатно), ќе учествуваат 100 резервни офицери и подофицери од југозападниот дел на Р. Северна Македонија. Според планот, предвидени се повеќе гаѓања. Со снајперска пушка 7,9 мм ќе се гаѓа на полигонот „Криволак“, а со АП 7,62 мм на реден број 1 на стрелиштата „Осој“ и „Краста“.

Покрај ова, во 10-тина ООЕ на ОРОРСМ ќе се организираат локални маршеви кои логистички ќе бидат поддржани од командите на гарнизоните на АРСМ и локалната самоуправа. Од меѓународните активности, значајно е да се напомене учеството на претставници на ОРОРСМ на Јазичната академија, на Конгресот на CIOR, на двата семинари во организација на CIOR, како и учество на два работни договори на ГАМИНГЕР-иницијатива, која претставува Асоцијација на националните организации на резервните офицери (Р. Северна Македонија, Германија, Швајцарија, Италија, Хрватска, Унгарија, Словенија, Словачка, Чешка и Полска), со задача да претставува линк помеѓу армиските сили и цивилното општество.

Во вкупните плнирани активности во 2020 година ќе бидат вклучени 2000 членови на ОРОРСМ, а реализацијата на конкретните содржини ќе зависи од добиените финансиски средства од страна на МО.



# Обука врз доброволна основа

Во подготвениот Извештај за постигнатите резултати во едукацијата и обуката, како и во негувањето на слободарските традиции и на меѓународните активности во 2019 година, се остварени значајни резултати. Заслужува внимание да се истакне дека учеството на членовите на ОРОРСМ во реализацијата на содржините од областа на едукацијата и обуката е исклучиво врз доброволна основа, што говори за нивното чувство на одговорност и мотивираност кога станува збор за стекнување на нови знаења и вештини во функција на јакнење на одбранбениот систем на Р. Северна Македонија. Како потврда на оваа оцена ќе спомeнеме и конкретни бројки коишто се содржани во Извештајот. Во гаѓањата со пешадиско оружје биле вклучени 375 учесници, на кондиционо-едукативните и рекреативните маршеви 460, на активностите од негувањето на слободарските традиции 520 учесници. Во вкупно реализираните содрживни во 2019 година биле непосредно вклучени 1355 резервни офицери и подофицери. Значајно е да се одбележи дека одзивот на резервните офицери и подофицери на планираните содржини е врз доброволна



основа, исто како што е врз доброволна основа и членувањето во ОРОРСМ. Во рекапитуларот на оствареното за 2019 година, посебно внимание заслужуваат меѓународните активности, меѓу кои, што, пред сè учеството на Јазичната академија во Естонија, посетата на претставници на ОРОРСМ на Здружението на словенечките офицери во Полче, Р. Словенија, како и учеството на работниот договор на ГАМИНГЕР-иницијатива во Самобор, Р. Хрватска. На овој меѓународен работен договор, делегацијата на ОРОРСМ ја презентираше темата „Нов концепт на резервните сили на Р. Северна Македонија“.

# Чествување

На 3 јануари оваа година се навршија 10 години од смртта на бригадниот генерал Јосип Бошевски, кој кај припадниците на АРСМ ќе остане запаметен по исклучителниот професионален



однос и лидерството што го градеше во сите средини каде што беше на служба. Во текот на реботниот век изгради респективна воена кариера каква што посакува секој воен старешина.

Успешното командување со повеќе формациски состави, меѓу кои: командант на граничен баталјон во Третиот армиски корпус, командант на 13. пешадиска бригада и командант на Втората пешадиска бригада. Во 2001 година е унапреден во чин бригаден генерал и е поставен на формациска позиција командант на Втората оперативно-тактичка група во Тетово. По повод годишнината од смртта, неговото вечно почивалиште во с. Журче, Демирхисарско, го посетија претседателот на Извршниот одбор на ООЕ на ОРОРСМ Демир Хисар Васко Младеновски и проф. д-р Менде Солунчевски, член на Извршниот одбор на ОРОРСМ. Во пригодното обраќање професорот Солунчевски говореше за значајниот придонес на генералот Бошевски во решавањето на оперативно-тактичките задачи во војната во Македонија во 2001 година.

Живко Трајановски



# United Nations Emergency Force (UNEF) – Суецки Канал (1956 – 1967 ) II дел

Генералното собрание на ОН со Резолуцијата 997 од 2 ноември 1956 година повикало на прекин на огнот и повлекување на појдовните линии. Во меѓувреме, египетскиот воен штаб со почетокот на англофранцуските воздушни напади ја повлекол одлуката за испраќање на засилување на Синајскиот Полуострров и наредил повлекување на сите единици од Синај за да избегне нивно опкружување и уништување. Во исто време продолжило брзото израелско напредување кон Синај. Така, на 1 ноември, израелските сили го зазеле Umm Shihan  и гратчето Al-Furtaga на бреговите на Акабскиот Залив, на 3 ноември и појасот Газа во целост паднал во рацете на Израел, а два дена подоцна и градот Sharm el-Sheikh на југот на Полуостровот. Истиот ден следел и падобрански десант на британските единици западно од  Port Saida  на западниот брег на Суецкиот Канал, односно на француските падобранци во реонот на  Port Fuada  на источниот брег, додека дел од единиците е доведен по морски пат. Во текот на наредните денови англофранцуските сили во целост завладееле со реоните на Каналот и под притисок на САД, Велика Британија и Франција, ја прифатиле Резолуцијата 997. Египетскиот претседател Насер за почеток на нападите наредил потопување на бродовите кои се

Припадниците на мисијата UNEF полни десет години релативно успешно го надгледувале подрачјето на раздвојување помеѓу Израел и Египет, но заради недостатокот на целосно политичко решение помеѓу двете земји, судирот е продолжен во 1967 година. Непосредно пред избивање на војната, Египет ја протерал мисијата UNEF, а ОН после војната во 1973 година, ја основа мисијата UNEF II со слична задача

движеле по каналот, така што истиот бил затворен до 1957 година, додека Сирија го затворила нафтоводот со кој европскиот пазар се снабдувал со нафта од Ирак. Тоа предизвикало краткотраен прекин на снабдувањето со нафта. И другите арапски држави во знак на протест после суецката криза го намалиле снабдувањето на европските земји со нафта, создавајќи мал нафтен удар и благо навестување на голема нафтена криза која се случила после војната во 1973 година. Инвазијата на Египет предизвикала остра реакција на Советскиот Сојуз, кој се заканил со воена интервенција.



Акцијата наишла на неодобрување во Белата куќа, каде администрацијата на Ајзенхауер била бесна на Париз и на Лондон заради прземањето на нападите, без претходен договор со САД. На темелите на договорените услови за прекин на огнот, британските и француските воени единици на 22 декември се повлекле од областите на Каналот, додека во март 1957 година, израелската војска отстапила од Синајскиот Полуостров.  Генералното собрание на ОН на 7 ноември 1956 година ја основало мисијата под назив „United Nations Emergency



Force“ (UNEF), за после прекинот на огнот да обезбеди повлекување на израелските, на француските и на британските трупи од египетска територија. Главното собрание на ОН, UNEF го основала благодарение на проширеното толкување на Поглавјето IV, членот 22 од Повелбата на ОН, која му дозволува на Генералното собрание основање на помошни тела. Во тој поглед, UNEF се разликува од повеќето мировни операции, бидејќи по правило ја формирало Советот за безбедност, како и мисијата „UNEF – II“. Мисијата ја сочинувале повеќе од 6.000 војници, а нејзин прв командант бил канадскиот генерал E. L. M. Burns. Во мисијата биле ангажирани воени сили од 10 земји: Бразил, Канада, Колумбија, Данска, Финска, Индија, Индонезија, Норвешка, Шведска и Југославија. Интересно е тоа што југословенскиот воен контингент бил најмногуброен и дека за време на 22 ротации во мисијата UNEF поминало повеќе од 14.000 југословенски војници. Уште една карактеристика на мисијата е нејзиното брзо разместување, бидејќи поминале само 11 дена од барањето на генералниот секретар на Генералното собрание за изработка на планот до доаѓањето на првите припадници на мисијата. Мисијата UNEF имала задача осигурување и надгледување на прекинот на огнот, односно надзор над повлекувањето на вооружените сили на Франција, Велика Британија и Израел од египетска територија. Односно, после повлекувањето на позициите пред почетокот на војната, оваа територија требало да служи како тампон-зона између египетските и израелските сили. На почетокот Главниот штаб на мисијата бил во местото Ballah и оперирала долж Суецкиот Канал и Синајскиот Полуостров. После израелското повлекување, главниот штаб се наоѓал во Газа, а зона на дејствување на припадниците на UNEF била границата од 1949 година, односно подрачјето Газа и меѓународните граници на Синај. Израел одбил разместување на единици на UNEF на своја територија, па така мировните сили делувале од египетска територија, па така мисијата и во тој поглед е атипична.

Наспроти фактот дека инвазијата на Суецкиот Канал поминала успешно, за Лондон и за Париз, на политичко и на дипломатско ниво, претставувало тотален неуспех, и затоа довело до големи потреси на домашните политички сцени. Во Велика Британија Еденовата влада паднала само два месеци по завршувањето на кризата, додека францускиот премиер Mollet поднел оставка во мај 1957 година. Парадоксално, за победници во Суецката војна може да се сметаат Израел и Египет. Всушност, Израел, со доаѓањето на силите на ОН на Синајскиот Полуостров и доведување на најразлични египетските воени сили, се остварила првобитната цел – обезбедување на своите јужни граници, речиси за целата следна деценија . Израел, исто така, извојувал премин на неговите бродови низ Тиранскиот Теснец.

## Основање на мисијата „UNEF II“

Мисијата UNEF навршува десет години и релативно успешно го надгледувала подрачјето на раздвојување помеѓу Египет и Израел, но бидејќи коренот на конфликтот останал нерешен, а целосното политичко решение помеѓу двете страни изостанало, мисијата на ОН немала долгорочна перспектива. После подолг период на напнатост на израелско-египетската граница, Насер на 19 мај 1967 година донел одлука за протерување на припадниците на UNEF од египетската територија, со што заради претходното израелско одбивање за прифаќање на мисијата на своја територија, понатамошното одржување на UNEF речиси било невозможно. Во десетте години на мисијата UNEF, 107 нејзини припадници ги изгубиле животите, од коишто и еден цивил, додека цената на мисијата била околу 215 милиони долари. Пат-позицијата на линијата на разграничување на 5 јуни 1967 година ја прекинал Израел со напад на околните арапски земји, со што започнала Третата израелско-арапска војна во која, помеѓу останатото, Израел повторно го освоил Синајскиот Полуостров и избил на Суецкиот Канал. По избувнувањето на Четвртата израелско-арапска војна на 25 октомври 1973 година, со Резолуцијата 340 на Советот за безбедност на ОН, воспоставена е мисијата „UNEF II“ како еден вид продолжување на мисијата UNEF. Задачата на мисијата била надгледување на прекинот на огнот помеѓу Египет и Израел, односно на зоната на раздвојување, а главната команда на мисијата се наоѓала во Каиро и во Исмаилија. Мисијата „UNEF II“ на својот врв во февруари 1974 година имала 6973 припадници од: Австралија, Австрија, Канада, Финска, Гана, Индонезија, Ирска, Непал, Панама, Перу, Полска, Сенегал и Шведска. Во текот на шесте години од мисијата погинале 51 припадник. Мандатот на мисијата „UNEF II“ успешно завршил во јули 1979 година, после приближувањето на Египет и на Израел и потпишувањето на Кемпдејвидскиот договор во јули 1978 година.

м-р Симеон Митрев



# Вооружените сили на Франција



Во надлежност на министерот за одбрана се: структурата на армијата, дефинирање на политиката за човечки ресурси и пополнувањето на армијата со персонал и опрема, здравствената заштита на персоналот, мисиите на жандармеријата и мисиите на армијата во и надвор од државата. Во работата на министерот му помага началникот на штабот на ВС, одговорен за состојбата во армијата, односно за големината, функционирањето, утврдувањето на потребниот број на воен и на цивилен персонал, за моралот, за борбената готовност, ангажирањето, воeното разузнавање и за меѓународните воени односи. Негови првопотчинети се и командантите на Француска Полинезија и Нова Каледонија, како и командантите на француските сили во странство.

Франција е демократска република со два законодавни дома – Парламент и Сенат. Се простира на 543.965км2 и во неа живеат повеќе од 65 милиони жители. Претседателот на Републиката е и врховен командант на вооружените сили (ВС). Тој претседава со Националниот совет и со Комитетот за одбрана, има право да одлучува и има одговорност за употреба на нуклеарно оружје









**Копнена војска (КоВ)**

Копнената војска, со 98.000 активен и 19.000 резервен состав (10% од нив се жени), претставува повеќе од половина од вкупниот број на персонал во ВС на Франција. Во нејзин состав се:
- Командата на КоВ (COM TN);
- 1. дивизија;
- 3. дивизија;
- Командата на специјалните сили на КоВ (COM FST);
- Командата на воздухопловните сили на КоВ (COM ALAT);
- Командата за разузнавање (COM UCR);
- Командата за информациски системи (COM CIS);
- Командата за логистичка поддршка (COM LOG);
- Командата за оддржување (COM MF);
- Службата за индустриско оддржување на единиццитe (SMITer);
- Командата за обука (COM FORM);
- Командата за обука на здружените состави (COM E2CIA).

Единиците на копнената војска се опремени со: тенкови „Leclerc“, оклопни борбени возила „AMX10RC“ и „VBCIs“, хеликоптери „Cougar“, „EC725 Caracal“, „Puma“, „Gazelle“ и „Tiger“, артилерија 155 мм „Caesar“, минофрлачи 120 мм и противтенковски системи „Milan“.

1. дивизија

Дивизијата се состои од персонал од околу 25.000, а во нејзин состав се:
- 4 бригади – планинска, оклопна, маринци и Француско-германската бригада;
- 2 полка – инженериски и артилериски;
- пешадиски баталјон со кучиња;
- Воената планинарска школа (EMHM).

Планинска бригада

Бригадата е оспособена за операции на планински терен и во екстремни климатски услови, за учество во мисии надвор од француска територија. Се состои од 3 полка (извидувачки, артилериски и инженериски) и 3 баталјони (2 планински и алпинистички).

Оклопна бригада

Бригадата, со персонал од 7.500, е здружена и мултинационална единица, оспособена да води операции во опкружување со висок интензитет и операции за поддршка на мирот. Составена е од 7 полкови (3 пешадиски, 2 оклопни, артилериски и инженериски), чета за врски и Центар за обука.

Бригада маринци

Бригадата е наменета за операции од море – самостојно, 10 дена до 100 км од базата, во урбана средина, извидувачки активности во длабочина на непријателот. Во нејзиниот состав се следниве полкови: 2 марински, оклопен, артилериски и инженериски, извидувачка чета и чета за поддршка, како и Центарот за обука. Составена е од персонал од 6.500 лица.

Француско-германска бригада

Мисијата на Бригадата е учество во мировни мисии. Бригадата била дел од Силите за стабилизација (SFOR) во Босна и Херцеговина, шест години по нејзиното формирање. Учествувала и во ISAF во Авганистан и во KFOR во Косово.

Бригадата се состои од: команда, 2 полка (извидувачки и пешадиски), 4 баталјони (2 пешадиски, артилериски и логистички) и инженериска чета. Составена е од персонал од околу 5.600, од кои 40% се Французи, а 60% се Германци.

Извидувачкиот полк е составен од 3



оклопни, 2 извидувачки, логистичка, и резрвна чета. Пешадискиот полк е составен од 5 пешадиски и една логистичка чета.
3. дивизија
Во состав на дивизијата, со персонал од 25.000 лица се:
- 3 бригади – 2 оклопни и падобранска;
- 2 полка – артилериски и инженериски;
- оклопен баталјон;
- Центарот за обука за воздушно-десантни единици.
Лесна оклопна бригада
Бригадата е амфибиска единица, стационирана во близина на големите воени пристаништа и аеродроми на Медитеранот, и е наменета за интервенции на сопствена територија или на територија на коалициски партнер. Составена е од персонал од околу 7.500, распоредени во 7 полкови (2 механизирани, пешадиски, marински, легионери, артилериски и инженериски).
Оклопна бригада
Бригадата е оспособена за операции од широк спектар на мисии, на национална територија или надвор од државата. Може да биде ангажирана во рамките на здружена или мултинационална единица. Се состои од 7 полкови (2 тенковски, 3 механизирани, артилериски и инженериски).



Падобранска бригада
Бригадата, со персонал од 7.500 лица, е единица со висок степен на борбена готовност, подготвена за употреба за помалку од 48 часа. Наменета е за одговор на кризи и кризни ситуации, и во состојба е целосно да биде транспортирана по воздушен пат. Составена е од 8 полка (2 падобрански, 2 марински, извидувачки, артилериски, транспортен и инженериски), чета за врски, Школа за воздушно-десантни единици и Центар за обука на подофицери.
Команда за специјални сили на КоВ
Во нејзиниот состав се 3 полка за специјални операции, група за поддршка и центар за обука, составена од персонал од 3.500 лица.
Команда на воздухопловните сили на КоВ
Воздухопловните сили на КоВ се наменети за борбена поддршка на операциите од воздух. Во нејзиниот состав се: воздухопловна бригада, 3 хеликоптерски полка, воздохопловен транспортен полк, воздухопловен деташман, и центар за обука на пилоти.
Команда за разузнавање
Составен е од: извидувачки полк, 2 баталјони за врски, артилериски баталјон, центар за обука и други помали единици со персонал од 5.900.

## Воено воздухопловство (ВВ)

Командата на ВВ е надлежна за подготовка на воздухопловните сили за поддршка на борбените единици, како дел од нивните мисии

за одбрана, заштита и превенција. Директно ѝ се потчинети шест бригади:
- Воздухопловната бригада која е наменета за одбрана од конвенционални воздушни напади и извидување. Бригадата располага со борбени и повеќенаменски авиони од типот „Rafale“ и „Mirage 2000“;
- Бригадата за поддршка ги обединува сите надлежни за распоредување, спроведување и одржување на елементите за набљудување на воздушниот простор, на информативните и комуникациските системи и инсталации;
- Бригадата за воздушна поддршка е одговорна за авионскиот и хеликоптерскиот транспорт. Во својот состав поседува: транспортни авиони „Transall C160“, „Hercules C130“, „Casa CN235“, „A310“, „A330“, „A340“, „Falcon 900“, „Falcon 7X“, „Falcon 2000 LX“, „Xingu“, „TBM 700“ и „Twin Otter DHC-6“ и транспортни хеликоптери „Super Puma“, „Puma“, „Fennec“ и „Caracal“;
- Бригадата за контрола на воздушниот простор располага со средства за надгледување на воздушниот простор од воздух (со авионите „E-3F“) и од земја (радарски и комуникациски мрежи);
- Воздухопловната бригада на силите за безбедност и интервенција во чиј состав се единиците-командоси, ракувачите и пожарникарите, и ја обезбедува оперативноста на единиците наменети за интервенции од конвенционален карактер или специјални операции, заштитата на чуствителни зони на воздухопловните сили, противпожарното обезбедување на воздухопловите и инсталациите и обуката за преживување на екипажот.
- Бригадата за воздухопловна логистика е надлежна за одржување на вооружувањето и за системите на воздухопловите.

## Воена морнарица (ВМ)

Поморските сили се наменети за извршување на доделените мисии, почнувајќи од нуклеарно заплашување до употреба на соодветни сили за решавање на кризи и за спасување на море. Во својот состав има околу 10.500 морнари.
Стратегиските океански сили (FOST) се подводната компонента на нуклеарните сили. Составена е од 4.000 морнари кои опслужуваат 4 нуклеарни подморници со балистички ракети, 6 подморници за нуклеарен напад, носач на авиони и единици за обезбедување и поддршка.

## Одбранбени прашања

Француската армија е целосно професионална од 2001 година. Бројот на персонал во 2011 година изнесувал 211.000, а во 2018 година тој број изнесува 208.000 лица. Процентот кој се издвојува од бруто-домашниот производ (БДП) за одбраната е стабилен со години наназад и се движи од 1,78% до 1,87%. Во 2011 г. изнесувал 38,5 милијарди евра, а во 2018 година 42,8 милијарди евра.
Со долгорочните планови за развој на одбраната, Франција ќе посвети особено внимание на модернизацијата на ВС во неколку области:
- разузнавање и системи за командување и контрола, подеднакво посветена на модернизација на трите нивоа (на стратегиско, на оперативно и на тактичко) и во сите родови (КоВ, ВВ и ВМ). Планиран е развој на разни платформи, сензори и методи за собирање податоци (вклучувајќи летала со и без екипаж, поморски единици и средства базирани во вселената). Целта е да се подобри обработката и анализата на сѐ поголемиот обем на податоци кои се прибираат. За ова е неопходно и подобрување на интерконекциите помеѓу различните системи и интегрирање на истите на сите нивоа, со автоматизирана обработка на податоци и анализа. Следењето на орбитите на објектите во ниските слоеви на вселената, особено оние кои имаат влијание врз системот за командување и контрола, е од суштинско значење за обезбедување на сигурноста на сопствените сателити „Syracuse 4“.
- „присилно влегување“, неопходно за совладување на високотехнолошките дефанзивни системи на противникот. Се однесува на способноста за пробив во стратегиски важни точки, со цел обезбедување и одржување супериорност на копно, море и во воздух, онеспособување на непријателот и брзо освојување на просторот, од каде понатаму се развива маневар на силите.
Во фокусот би биле стекнување надмоќ од воздух, способности за водење борба во длабочина на непријателскиот распоред, капацитети за подводно војување, специјалните операции, борбеното барање и спасување и капацитети за кибернетичко војување (cyberwarfare).
- борбени способности за заштита на силите – модернизација на системи за противвоздушна одбрана (ПВО), хеликоптери и системи за борба против беспилотни летала; зановување на фрегати за ПВО; набавка на системи за детектирање и неутрализирање на артилериски оган (ракети и гранати); зановување на капацитетите за откривање мини; модернизација на нуклеарните подморници; набавка на фрегати, оклопни борбени возила (Jaguar и Griffon) и артилериски средства.
- способности за сервисна поддршка и одржливост – подобрување на функциите кои се однесуваат на: опслужување на здружените состави, здравството, снабдување со енергија, оперативно одржување на опремата и поддршка на оперативниот персонал, регрутирање и обука.
Посебно внимание би се посветило на оперативното одржување на опремата, на стратегиските и на тактичките способности за воздушен, за поморски, за копнен транспорт, за медицинската поддршка на распоредените сили (мобилни хируршки тимови).



М.С.

# Следбеништво



За успех во една организација, несомнено е потребно успешно лидерство. Тоа секогаш се истакнува како суштински фактор за продуктивност на која било организација. Но, што би правеле лидерите сами ако не постојат следбеници кои ќе бидат доволно мотивирани да ја насочат својата енергија кон остварување на организациските цели? Кој ќе ја материјализира визијата на лидерот? Без следбеништво, лидерството е само теоретски концепт за тоа како треба да функционира еден хиерархиски систем. Без следбеништво не може да се постигне ништо. Сепак, денес премногу се зборува за лидерство, а поретко се истакнува важноста на следбеништвото на чии плеќи всушност се носи тежината на успехот на организацијата. Во книгата „Лидер без титула“ на Робин Шарма, тој истакнува дека секој човек во која било работа треба да покаже особини на лидерство. Низ неколку фиктивни примери, тој објаснува дека поединецот не мора да биде на лидерска позиција за да придонесе за организацијата. Според него, лидерството е преземање на лична одговорност – секој треба да се труди да биде што е можно подобар во извршувањето на своите работни задачи. Доколку секој така размислува, никој во организацијата нема да биде пречка за извршување на организациските цели. Напротив, преку давање придонес за организацијата да биде успешна, на крајот и поединецот ќе биде успешен како дел од неа. Успешна организација им враќа на своите работници. Меѓутоа, она што го зборува Шарма може да се сфати и како поттикнување на добро следбеништво. Секој следбеник би требало да придонесе за успех на организацијата со тоа што ќе ги погледне работите низ очите на лидерот. Шарма вели дека „за да се биде успешен, прво треба другите да ги направиш успешни“. Лидер без титула е секој кој не е на лидерска позиција, а ја сфаќа својата важност во организацијата и размислува лидерски. Лидерството денес е воздигнато на ниво на наука. Постојат бројни школи, курсеви и семинари, се пишуваат книги и се прават истражувања како да се подобри. Општо е прифатено дека лидерството е вештина која доколку се совлада, му нуди на човек успех на лично ниво преку успехот на организацијата за која работи. Но, секој лидер во која било хиерархија, сепак е нечиј следбеник. За да се биде добар лидер, треба да се научи прво да се следи. Меѓутоа, следбеништвото речиси не се изучува и не се истакнува на семинари, курсеви и школи. Тоа е





доказ дека следењето се занемарува и не се смета за квалитативна особина. Сепак, за една организација да биде успешна, потребно е следбеништво исто колку и лидерство, ако не и повеќе, со оглед што бројот на следбенички позиции во која било организација се многу повеќе отколку лидерски. Самиот лидер е нечиј следбеник во поголемата слика. Колку квалитетно следбениците следат, е подеднакво важно за успехот како и колку лидерите квалитетно водат. Во секоја организација постојат многу позиции каде што човекот може истовремено да биде и нечиј лидер и нечиј следбеник. Сепак, следењето не се истакнува како лидерството кога се опишуваат работните особини, ниту, пак, ја добива заслужената вредност. Напротив, може да биде и кочница во кариерата доколку некого го окарактеризираат како добар следбеник, иако теоријата за лидерство вели дека прво треба да се научи да следи, за да може потоа да води. Крајниот резултат на неуспехот да се води и да се следи е слаба организациска ефикасност. Затоа, ако има квалитетен лидер, а тие што треба да го следат не го прават тоа, е подеднакво лошо како и постоењето на квалитетни следбеници, но постои отсуство на лидер.

Невозможно е да постојат добри лидери доколку нема добри следбеници. Исто како и за лидер, и за следбеник е потребно да се поседуваат одредени вештини и лични карактеристики. За тоа колку е важно следбеништвото, говори фактот што резултатите од работата на следбениците е она што го прави лидерот добар или лош. Иако повеќе луѓе сакаат да гравитираат кон лидерството и често се сметаат за „родени лидери“, следбеништвото е тоа што ги дава резултатите. Колку една организација е поголема, толку е поважно следбеништвото, заради бројот на оние кои треба да ја завршат работата. Затоа за масивни организации е поважно да се постигне добро следбеништво, отколку да се има само добро лидерство. Доколку постои изграден систем и организацијата функционира како машина со точно одредени процедури, и не е толку важно дали лидерот е добар, лош или токсичен. Организацијата ќе функционира во секој случај, доколку следбеништвото е системски изградено и секој ја работи својата работа најдобро што може.

Погрешно е кога се гледа на следбеништвото како на подредена положба. Кога теоријата за лидерство укажува дека лидерот треба да биде скромен и умерен, се мисли токму на овие особини, да прифати да следи. Лидер кој не е следбеник, е на пат да стане тиранин. Исто како и што се очекува од еден лидер, а следбеникот не смее да биде себичен, туку тимски играч. Организацијата е добра онолку колку што најголемиот број од нејзините припадници се добри. Добро следбеништво е она кое се бори за успех и промовирање на организацијата. Следбеникот мора да има повеќе позитивни особини како храброст, лојалност, чесност, добри работни навики, моќ за расудување, знаење и стручност.

Следбеникот треба да биде способен да процени кога и како да постапи кога лидерот бара нешто од него. Следбеништвото не е ослободено од морална одговорност. Доколку лидерот побара неетичко и противзаконско однесување, следбеникот тоа мора да го препознае. Од друга страна, ако лидерот побара од следбеникот да работи во согласност со законите и пропишаните норми во организацијата, следбеникот тоа мора да го препознае и да се согласи со одлуката. Добрите следбеници се карактеризираат со добра работна етика. Тие прифаќаат работа, обврски и се мотивирани да придонесат за успех на организацијата. Најсериозна мана на следбеништвото е непреземање на одговорност. Како што токсичниот лидер го препишува успехот на организацијата како лична заслуга, неодговорното следбеништво може да го препише неуспехот на организацијата како неуспех на лидерот и неговата работа.

За да ги спроведе насоките на лидерот, следбеникот мора да поседува одредено знаење и стручност. Доколку следбеникот е некомпетентен, лидерот треба тоа да го знае и да го предвиди. Лидерот е одговорен за обученоста на луѓето и е должен да им обезбеди потребен сет на знаења за да ја извршат задачата. Проблемот



настанува во случаи кога следбеникот поседува знаење и стручност, но не е доволно мотивиран да ѝ го даде на организацијата својот максимум. Понекогаш ова се препишува на лошо лидерство, но може да се препише и на лошо следбеништво, отпор кон лидерот, кон организацијата или кон двете.
Добар следбеник е оној кој е лојален на својата организација. Оние кои не се лојални работници се потенцијален проблем, дури и закана за организацијата поради неетичност, недисциплина, пасивност и непродуктивност во работата. Лојалноста е посветеност и доследност кон работата и организациските цели. Особено важно е лојалноста да се цени во однос на организацијата, а не во однос на личноста т.е. лидерот.

Оној кој следи треба да биде искрен со лидерот, а за искреност е потребна морална храброст. Понекогаш следбеникот треба да му се спротивстави на лидерот доколку неговите насоки отстапуваат во морална смисла. Постојат безброј случаи кога одлуките на лидерот ја повредуваат етиката, дури и законите. Следбеникот мора да биде храбар и да се соочи со лидерот доколку тој намерно или од непознавање ја злоупотребува послушноста и ја загрозува мисијата, организацијата и луѓето. Лидерите секогаш не сакаат да слушнат критика од следбениците, но доколку е загрозена безбедноста или успехот на задачата, потребно е да постои сигурносна јамка и следбеникот да реагира.
Особено важна карактеристика на следбеништво е безбедносната



култура. Следбеникот е обврзан да ги чува службените тајни и да не дозволи, или уште полошо, да иницира истекување на информации кои може да ја загрозат организацијата. Воздржување од издавање на службени тајни е карактеристика која треба да се цени како добро следбеништво, бидејќи тие се во поголем број од лидерите. Не може да се смета дека е некој добар следбеник доколку не е дискретен, особено во воената организација. Потчинети кои ја минираат организацијата со нивното озборување се закана за меѓучовечките односи и кохезијата на единицата.
Следбениците не се само основата, туку и суштината на секоја организација. Лидерите доаѓаат и заминуваат, но следбениците треба да се третираат како суштината на организацијата. Понекогаш ова се занемарува и лидерите, особено токсичните, успехот на организацијата ја препишуваат како заслуга за своите „брилијантни“ лидерски способности. Во една организација, моќта е во рацете на следбениците, особено во воената организација. Дури и т.н. „неформални лидери“ се следбеници кои очигледно имаат поголемо влијание врз останатите следбеници отколку лидерите. Лидерот ги мотивира и ги инспирира следбениците, но на крајот на денот тие треба да прифатат и да се сложат да бидат мотивирани и инспирирани. Ако лидерството е влијание врз луѓето, следбеништвото е прифаќање на тоа влијание. Некои и следбеништвото го третираат како форма на лидерство, нарекувајќи

го „лидерство од доле“, кога следбениците со своето однесување влијаат и ги обликуваат одлуките и постапките на лидерот. Освен тоа, лидерот и следбениците во една организација се поврзани во систем со повратна спрега (постои влез, излез и корекција на одлуките).
Истражувањата (во земји каде се прават такви истражувања) покажале дека повеќето од луѓето кои тежнеат кон лидерски позиции немаат доволно понизност и скромност, што според теоријата, се посакувани карактеристики за добар лидер. Од друга страна, поголемиот процент од оние кои ги поседувале овие квалитети, штом се најдат на лидерска позиција, кога ќе се соочеле со критики, неблагодарност од носење на одлуки и тензии во организацијата, неизбежно се повлекувале во комфорна зона.
На крајот останувале само оние кои се немилосрдни или стануваат такви под притисок на очекувањата.
Се јавува проблем кога што повеќе луѓе природно завршуваат како следбеници во организацијата, бидејќи во секоја организација има далеку повеќе следбенички отколку лидерски позиции. Во овој случај помал процент на работници не се менуваат (остануваат понизни и скромни) и се добри следбеници. Меѓутоа, критиките, одлуките и тензиите на работното место, поголемиот број од нив ги претвораат во нескромни, пркосни и незадоволни работници или лоши следбеници.
Постојаното истакнување на лидерството не само што фрла сенка на важноста на следбеништвото, туку ги ослободува од одговорност најголемиот дел од луѓето во организацијата. Доктрината на современото војување бара од војникот многу поголема индивидуална одговорност во извршувањето на задачите. Следбеништвото е лидерство без титула. Ова за лидерството значи дека треба да биде насочено кон создавање на војници кои во дадена ситуација ќе бидат оспособени да дејствуваат со минимално водство, или без да бидат предводени.



Ѓорѓи Вељовски





# Како послабите добиваат војни

За да се сознае под кои услови послабиот победува во војната се предлага користење на теоријата за стратегиска интеракција. Генерално, двете завојувани страни имаат избор помеѓу два типа на стратегии. Стратегиите за напад на посилниот се директен напад и варваризам. Послабиот има две стратегии за одбрана, директна одбрана и стратегија на герилско војување. Под директен напад се подразбира употреба на воена сила за онеспособување на капацитетите на противникот за одбрана. Најчесто се напаѓаат главните градови, индустриски и комуникациски центри. Уништувањето и блицкригот се директни напади.
Верваризмот претставува систематско кршење на законот за вооружен конфликт за остварување на воени и политички цели. Со користење на забрането вооружување и убивање на цивилите, варварството има цел да ја уништи желбата и подготвеноста за борба на противникот. Директната одбрана подразбира употреба на вооружени сили за спречување на обидот на противникот да заземе или да уништи одредена територија, население или ресурс. Примери на директна одбрана се статичката одбрана, предната одбрана, одбрана во длабочина и мобилната одбрана. Стратегијата за герилска одбрана претставува организирање на дел од општеството за нанесување загуби кај противникот со користење на вооружени сили, обучени да избегнуваат директна конфронтација. За герилска стратегија потребна е физичка заштита (планини, шуми, џунгли) или политичка заштита (слабо чувана граница или граница со пријателски сосед) и поддршка од населението (разузнавање, логистика и регрутација). Кога герилците се борат со посилен непријател, тие се повлекуваат кога тој напаѓа, го вознемируваат додека се одмора, го напаѓаат кога е изнемоштен, го гонат кога се повлекува. Оваа стратегија нема за цел постигнување на брза и одлучувачка победа врз силите на окупаторот. Во стратегиската интеракција на наведените стратегии се појавуваат четири ситуации и предвидливи резултати во конфликот. Прва, кога посилниот во нападот користи директна стратегија, а послабиот се брани со директна стратегија, посилниот треба брзо и одлучно да победи. Кога посилниот напаѓа со директна стратегија, а послабиот се брани со индиректна стратегија, треба да победи послабиот.

> Доколку моќта значи победа во војна, тогаш послабиот никогаш не би победил против посилниот противник, посебно кога разликата во релативната моќ е многу голема. Историјата го покажува спротивното, послабите понекогаш успеваат да победат

Кога посилниот напаѓа со користење на индиректна стратегија, а послабиот се брани со директна стратегија, треба да победи послабиот. Кога посилниот користи варварство за напад врз послаб кој користи стратегија на герилсно војување, треба да победи посилниот. Може да се заклучи дека веројатноста за победа на посилниот е поголема доколку двете страни користат ист пристап во стратегиската интеракција, но да загубат во конфликт доколку се користат различни пристапи во стратегиската интеракција.
Во анализата на стратегиската интеракција на војните во последните 200 години се појавуваат две важни забелешки. Прво, послабите победувале речиси 30 проценти од сите водени војни. Второ, резултатот на војните со текот на времето не би требало да се менува, но во поновата историја се појавува тренд посилните да бидат поразени, а послабите сè почесто да бидат победници.
Посилните победиле во 76 проценти од сите интеракции со ист пристап, а послабите победиле во 63 проценти од интеракциите со спротивен пристап. Како клучен причинител за овие резултати се појавува факторот време. Конфликтите со ист пристап на интеракции завршувале брзо (во просек траеле по 2,7 години), додека тие со спротивен пристап на интеракции биле долготрајни (во просек траеле 4,8 години). Може да се заклучи дека посилните најчесто губат во стратегиските интеракции со спротивен пристап, но овие конфликти траат подолго и фреквенцијата на ваквиот пристап со текот на времето



се зголемувала пропорционално со поразите на посилниот.
Војната во Виетнам покажува дека истовремено постоеле четири стратегиски интеракции. Во Виетнам, послабиот имал две тотално различни војски, една опремена и обучена да води индиректна војна и втора



подготвена да води директна војна. Така, послабиот бил поспособен брзо да ја менува својата стратегија. По војната Хенри Кисинџер истакнал: „Ние водевме вооружена војна, нашиот противник водеше политичка војна. Ние баравме физичко уништување, противниците целеа на наше психолошко исцрпување. Герилата победува доколку не загуби. Конвенционалната војска е поразена доколку не ја добие војната“. Кога односот на силите предвидува брза победа на посилниот, интеракцијата сугерира долготрајно војување, се отвора патот за операција на политичката ранливост. Така, политичките и воените елити на посилниот мора да ја подготват јавноста за долготрајно војување и одложена победа против послабиот противник кој користи индиректни одбранбени стратегии. Едноставната претпоставка којашто преовладува е дека конвенционалната воена супериорност која обезбедува сигурна победа во конфликтот, е уништена и повеќе не постои. Успехот на бунтовниците не произлегол од воена победа на бојното поле, туку со уништување на политичкиот капацитет на противникот да води војна. Во конфликтите со спротивен пристап на стратегиска интеракција, послабите можат да извојуваат политичка победа од ситуации на воена изедначеност, па дури и од воен пораз. Посилните ги губат конфликтите кога применуваат погрешна стратегија во однос на послабиот противник. Посилниот ќе победи во интеракциите со ист пристап, пропорцијално на својата предност во ралативната моќ. Интеракциите со различен пристап (директен со индиректе или индиректен со директен) се во корист на послабиот затоа што тој ги жртвува вредностите за да добие на време. Како резултат на тоа се појавува значително одолговлекување помеѓу посветеноста на вооружените сили и постигнувањето на поставените цели. Времетраењето тогаш станува услов за операција на политичка ранливост на посилниот. Препорака за послабиот е дека успешната одбрана од посилниот зависи од индиректниот пристап и стратегија, затоа што индиректните стратегии како герилното војување се потпираат на народна поддршка. Дополнително, послабите треба да имаат пристап до физичко и политичко засолниште кое е неопходно за примена на индиректната стратегија.
За посилниот, стратегиската интеракција препорачува дека тешко ќе биде поразен послабиот противник доколку тој користи индиректен пристап за одбрана. Како избор останува примената на стратегијата за варварство. Но, историјата покажува дека оваа стратегија е ефективна само како воена стратегија и доколку посакуваната цел е долготрајна политичка контрола, варваризмот може го возврати ударот назад и да предизвика меѓународна интервенција. Така, на силните држави им се потребни два елемента. Првиот е подготовка на јавното мнение за долготрајна војна. Вториот елемент е развој и употреба на вооружени сили, специфично опремени и обучени за водење на противбунтовнички операции. Големите сили треба да бидат подготвени за водење борба и победа како во конвенционалните така и во „малите војни“. Стратегиската интеракција покажува зошто овие две задачи бараат два типови на сили, едни за одбрана на интересите во конвенционална војна и друг тип за победа во малите војни.

Атанас Пановски



# Патенти за потребите на Армијата

Иновациите се движечка сила на едно општество и да се поддржува културата на иновативност не е придобивка само за асоцијациите на иноватори, туку и за индустријата и за целата заедница. Здружението на пронаоѓачи „Пронаоѓач Михајло Пупин“ е формирано во 2015 година. Заедно со Здружението на пронаоѓачи „Новитет“ на 23.9.2016 година ја формираа Националната асоцијација на пронаоѓачите на Македонија (NAIM – National Association of Inventors of Macedonia). Во 2017 година „Националната асоцијација на пронаоѓачите на Македонија“ е примена како полноправна членка во Светската федерација на асоцијации на пронаоѓачи (IFIA - International Federation of Inventors' Associations), како единствен легитимен претставник од Република Северна Македонија.

**Националната асоцијација на пронаоѓачите на Македонија (НАИМ) и Министерството за одбрана имаат исклучително добра соработка повеќе години наназад, практично од самото формирање на НАИМ. Оваа асоцијација му е посебно благодарна на Министерството за одбрана за поддршката што му ја дава преку отстапување на просториите на Домот на АРМ за одржување на меѓународните саеми на иновации и пронајдоци**

Националната асоцијација на пронаоѓачите на Македонија и Министерството за одбрана имаат исклучително добра соработка повеќе години наназад, практично од самото формирање на НАИМ. Оваа асоцијација му е посебно благодарна на Министерството за одбрана за поддршката што му ја дава преку отстапување на просториите на Домот на АРМ за одржување на меѓународните саеми на иновации и пронајдоци. Во знак на благодарност за поддршката, Националната асоцијација на пронаоѓачи на Македонија му додели Златна плакета на Министерството за одбрана. Исто така, НАИМ побара од своите членови да направат патенти од областа на безбедноста, посебно за Армијата, при што веќе се поднесени патентни пријави за едно борбено возило и за борбено средство, наменети за специјалните сили на полицијата и на војската. За таа цел, претставници од Асоцијацијата беа примени кај врховниот командант на Армијата и претседател на Република Северна Македонија, д-р Стево Пендаровски. Во текот на посетата, претседателот Пендаровски, од страна на претставниците на НАИМ беше запознаен со активностите на Националната асоцијација на пронаоѓачите на Македонија, пред сè од областа на одбраната и безбедноста но, исто така, и со активностите од останатите области на пронаоѓаштвото.

Во името на претседателот на Светската федерација на асоцијации на пронаоѓачи, од страна на

претседателот на НАИМ, Мирко Узелац, на претседателот на Република Северна Македонија, Стево Пендаровски, му беше врачена Меморијална златна плакета, највисоко признание што го доделува Светската федерација на иноваторски асоцијации – ИФИА, и тоа исклучиво на државници и заслужни и признати високи светски личности. Пендаровски е 17-ти добитник на ова највисоко светско признание.
Во разговорот претседателот Пендаровски беше информиран за последните активности на НАИМ, како и за тоа дека Асоцијацијата е активна и дека своите пронајдоци редовно ги пријавува за учество на меѓународните саеми, како во земјата така и во странство, со цел овие пронајдоци да се претстават и да добијат можност да се реализираат и да се стават во функција.
Во врска со патентите за потребите на Армијата ќе спомeнеме дека и првиот патент на претседателот на НАИМ, Мирко Узелац, бил од областа на одбраната и бил патентирал во далечната 1979 година, кога бил на отслужување на воениот рок.
Тој патент останал во употреба како направа за определување оддалеченост на жива сила.
Патентната пријава за борбеното моторно возило се однесува за далечински управувана рачна ракетна фрлачка со калибар 64 мм „ЗОЉА“ и претставува доверлив пронајдок.
Пронајдокот е од уникатен карактер и како таков не постои на Балканскиот регион и пошироко (вакво средство не постои во армиите од наведениот регион).
Средството е наменето за уништување и онеспособубање на заштитени и незаштитени цели (оклопни и неоклопни), на далечини од 300 до 400 метри. Пронајдокот користи постојна рачна ракетна фрлачка 64 мм „ЗОЉА“. Досега овој пронајдок може да се истрелува само од рамото на војник-стрелец.
Со уредот се овозможува рачната фрлачка да може да се монтира на куполата од борбено моторно возило „хермелин“ и далечински да се нишани, да се наведува и да се стрела кон целта. Тоа го врши војник-стрелец во куполата на транспортерот.
Предноста на пронајдокот е во тоа што при неговото користење нема потреба од никаква техничка интервенција или исправка на рачната ракетна фрлачка „ЗОЉА“, при што далечината, прецизноста и ефикасноста на истреланата ракета останува иста



со зададените параметри од страна на производителот. Со употребата на пронајдокот се зголемува преносливоста, брзината на огнена моќ и борбената поддршка на единиците, се удвојува можноста за употреба на наведената фрлачка (од рамо и далечински транспортер) и се зголемува безбедноста при лансирање на ракетите.
Пронајдокот овозможува користење на постојната вежбовна рачна ракетна фрлачка „ЗОЉА“, со што се зголемува безбедноста и квалитетот на обуката и се заштедуваат големи финансиски средства.
Пронајдокот освои многу меѓународни признанија на саемите за иновации „ИНОВА МАК 2019“ во Скопје и „АРКА 2019“ во Загреб, при што пронајдокот е прогласен за најдобар патент од страна на ИФИА. Ова признание му беше лично врачено на иноваторот од страна на д-р Алиреза Расегар, претседател на ИФИА, како и златен медал со ликот на Никола Тесла од Белград, а со ликот на Михајло Пупин од ИНОВА МАК.
Пронајдокот, од страна на Државниот завод за индустриска сопственост, е доставен и до Министерството за одбрана за произнесување.

Кристина Илиевска





# Едукација на припадниците на Армијата за заштита на животната

Армијата на Република Северна Македонија, како дел од НАТО, меѓу другото, треба да ја имплементира и да се придржува до политиката на заштита на животната средина и доследно да ги спроведува и да ги имплементира сите донесени и потпишани норми. Во таа насока, неопходно е да има персонал кој ќе биде соодветно едуциран и подготвен за овие активности

Образованието е важен сегмент во армиските кругови, а посебно дообуката, прекфалификацијата, следењето на современите теркови во сите области од одбранбената сфера. Армијата на Република Северна Македонија за своите потреби продуцира кадар од Воената академија, но и од цивилниот сектор, посебно за специфичните специјалности кои се најчесто поврзани со вршење на должности од логистичките задачи. Потребата за проширување на знаењата во разните области е суштинска за сите армии во светот. Со програмата за билатерална соработка со земјите-членки на НАТО се школуваат припадници на армијата на најреномираните воени академии во светот.

НАТО препорачува три нивоа на обука од доменот на заштита на околината:

1. Градење свест за околината. Градењето свест за околината подразбира грижа за чистиот воздух, за водата, за почвата, за природата, за културното и историското наследство, приспособување на личниот став и развој на лична одговорност.
2. Практика од заштита на околината и животната средина. За ова ниво е потребна добра пракса и вештини за да се исполнат барањата од областа на заштита на околината при извршувањето на воените задачи.
3. Развој на вештини за надгледување и планирање. Ова ниво подразбира проучување на политиката, на законската одговорност и приспособливост на армиските кругови при управување со околината, планирање на вежби и одржливи развојни цели.

При изработката на планови и програми за обука, најпрвин треба да се одредат целните групи или, за кого, вшусност, е наменета обуката и, според тоа, да се определат нивоата на обуката. Примарната обука би се одвивала во текот на редовното школување во Воената академија, а за слушателите кои доаѓаат од цивилниот сектор – во рамките на курсот за развој на офицери и подофицери. За припадниците кои се во Армијата, а не ги поминале ваквите обуки, потребно е да се организираат еднонеделни курсеви, како и во текот на редовната обука за професионалните војници. Тука, сепак, мора да ги спомeнеме и факторите кои може да влијаат на програмата за обука. Според НАТО,



# средина





може да влијаат следниве надворешни и внатрешни фактори:
Во надворешни фактори се вбројуваат легислативата и обврската да се грижиме за животната средина, меѓународните обврски и притисокот на јавното мислење, додека во внатрешни фактори се вбројуваат владините цели, иницијативите на министерствата и финансиските ограничувања.
Основната цел на обуката, пред сè, треба да биде развивање на систем кој успешно би управувал со околината, животната средина и културното наследство во армиската средина. Овој систем, според искуствата на оние земји кои го имаат овој систем и го применуваат, ги опфаќа следниве фази:
**Фаза 1** – Преглед на состојбата. Оваа фаза би била почетна и би опфаќала препознавање на ризиците и заканите во воената средина.
**Фаза 2** – Во оваа фаза би се работело на изработка на политика за заштита на животната средина.
**Фаза 3** – Изработка на програма која би ги утврдила реалноста, одржливоста, времетраењето и цената на чинење.
**Фаза 4** – Изработка на процедури кои би се применувале за посебни услови на заштита на околината.
**Фаза 5** – Вршење на мерења и проверки на состојбата со утврдување на минимални и максимални дозволени параметри.
**Фаза 6** – Казнени мерки. Поради специфичноста на воената средина би се одределе рокови за отстранување на недостатоците и би се одределе мерките за лицата кои, и покрај сите предупредувања, не ја извршуваат законската одредба.
**Фаза 7** – Изработка на годишен преглед за состојбата со целосни анализи.
По завршувањето на седмата фаза, мошне важно е да се напомене дека сега се продолжува со истите фази од почетокот, почнувајќи од втората фаза. Во фазата на изработката на програмите треба посебно да се нагласи за кој дел од околината би се однесувале активностите. Така, за заштита на културното наследство и нејзино подобрување, би ги нагласиле заштитата на биодиверзитетот, археолошките и културните наоѓалишта, историските згради и заштитата на околината.
Кога говориме за заштита на ресурсите, програмата на обуката би се однесувала на намалување на потрошувачката на енергијата и на користењето на водата, намалување на користење на материјали кои се тешко обновливи (како хартијата за печатење документи) и намалување на отпадот од секакво потекло. Од областа на одржливиот развој треба да се изучуваат климатските промени и управувањето со енергенсите, заедниците на локалната самоуправа и влијанието кон истата, животниот циклус на опремата и нејзиното влијание на околината, одржлива набавка на опрема и купувањето на „зелени“ материјали.

м-р Каменко Аврамовски





# „PUMA" – германско борбено возило на пешадијата

Основниот оклоп на „PUMA" е направен од заварени челични плочи, но модуларната изведба на конструкцијата овозможува прифаќање на значителен дополнителен оклоп кој дава голема заштита. Борбената купола е направена од алуминиум и на неа се поставува дополнителен оклоп од бочните страни и на кровот. Првично се направени 3 нивоа на заштита, и тоа A, B и C, кои овозможуваат различна оклопна заштита. Подоцна нивото „B" на заштита е отфрлено. Нивото „A" овозможува кружна заштита од калибар 14,5 mm, од 10 kg противоклопни мини, а во предниот сектор од дејство на 30 mm топ. Нивото „C" овозможува горна заштита од шрапнели на артилериски гранати и мини, импровизирани експлозивни направи, бочна заштита од дејство на 30 mm топ, од кумулативни проектили, а на задниот дел е поставен и кафез-оклоп. На куполата е вграден и системот на активна заштита „MUSS". Возилото поседува моноволуменска конструкција. Во предниот десен дел е вграден погонот, а од левата страна е позицијата на возачот. Во средниот дел се командирот и нишанџијата, а зад нив е поставена безпосадната борбена купола. Седиштата за поголема заштита од мини се висечки, прицврстени на кровот. За влез/излез на задниот дел од возилото е вградена рампа која може делумно да се отвори за борбено дејствување на двата последни војници од внатрешноста на возилото. За потребите на возачот се вградени 3 визири за набљудување и оптички визир за зголемување на сликата, а одзади на возилото е вградена и камера наменета за возење наназад. За потребите на нишанџијата на борбената купола е вграден стабилизиран нишански систем, кој има можност за дејство во дневни и во ноќни услови. За набљудување, за нишанџијата се вградени и еден перископ и еден визир за набљудување. За потребите на командирот се вградени 6 визири за набљудување, а на кровот има еден отвор чиј поклопец се лизга на страна. На централниот дел од борбената купола е вграден стабилизираниот електронски перископски систем PERI, кој е опремен со дневна CCD камера, термална нишанска камера и ласерски далечиномер. Сликата во внатрешноста се прикажува на монитори. Преку системот за управување со огнот постои поврзаност помеѓу нишанскиот систем на нишанџијата и перископскиот систем на командирот. За потребите на десантното одделение, надворешно, се вградени 4 камери, на кровот има 4 перископи, оптички визир за зголемување на сликата, визир на задната рампа/врата и правоаголен отвор на задниот дел од кровот. Во внатрешноста од транспортниот дел, на кровот се вградени 2 дисплеи. Како погон во возилото е вграден 10-цилиндарскиот дизел-моторот „MTU V10 892", со јачина од 1.100 ks, во комбинација со трансмисијата „NSWL 256", која поседува 6 брзини за движење напред и една за движење назад. Со цел намалување на топлотниот одраз, возилото е обоено со специјална боја и е вграден уред преку кој се мешаат ладниот воздух со издувните гасови од моторот, кои преку издувни цевки се насочуваат кон задната горна лева страна од возилото. Двата резервоари за гориво се сместени од бочните страни. Секој резервоар е со капацитет од 450 литри. Прототиповите на „PUMA" првично поседувале по 5 потпорни тркала по страна, но сериски произведуваната верзија е опремена со 6 потпорни тркала по страна, со хидропневматска суспензија и по 3 носачи на гасеници. Напред се поставени погонските тркала за гасениците, а одзади се мрзливците. Се користат челични гасеници со гумени папучи, од компанијата „Diehl Remscheid". Како стандардна опрема во возилото се вградува: клима-уред, АБХО-заштитен систем, автоматски противпожарен систем, систем за препознавање пријател/непријател, системот „BTI" за контрола/дијагностика на возилото, системот на контрола „C3I" во кој се опфатени компјутерот „AT CENTURION", GPS-навигацискиот систем и средствата за комуникација, мултифункционалниот панел „AT MDU15" со 15-инчен дисплеј на допир и тастатура за обработка на текст и умножување од мултифункционалниот панел и друго. Возилото е опремено со далечински управувана безпосадна борбена купола, во која е вграден стабилизираниот автоматски топ со двојно хранење „Mauser Mk30-2/ABM", кој поседува теоретска брзина на стрелба од 700 гранати во минута и ефикасен домет од 3.000 m. Топот поседува азимут од 360º. Во борбената купола за дејство се подготвени 200 гранати, а во возилото се сместени уште 200 гранати. Како гранати ги користи APFSDS-T, FAPIDS-T и KETF (ABM), коишто поседуваат програмабилна боева глава. Од десната страна на топот е вграден коаксијалниот митралез „MG4", со калибар 5,56 mm, кој поседува теоретска брзина на стрелба од 850 куршуми во минута и ефикасен дострел од 1.000 m. За митралезот во борбената купола за дејство се подготвени 1.000 куршуми, а уште толку се сместени во возилото. На задниот дел од куполата се поставени 8 лансери на димни и на фрегментациони гранати. По желба на корисникот, на левата страна од борбената купола може да се постави двоцевен лансер за противоклопната ракета „Spike LR", која поседува дострел од 4 km. Ова борбено возило на пешадијата засега е во употреба само во германската армија.

Ивица Дамески




1. Дизел-мотор MTU V10 892
2. Автоматски топ Mauser Mk30-2/ABM, со калибар од 30 mm
3. Визири за командирот на возилото
4. Коаксиалниот митралез MG4, со калибар 5,56 mm
5. Отвор за командирот на возилото
6. Нишански систем за нишанџијата
7. Електронски перископ PERI за командирот на возилото
8. Магацин за гранати подготвени за дејство во куполата
9. Лансери на димни гранати, со калибар од 76 mm
10. Антена




11. Перископ за десантното одделение
12. Транспортен оддел
13. Цевка за издувните гасови од моторот
14. Мрзливец
15. Хидропневматска амортизација за потпорните тркала
16. Перископ за нишанџијата
17. Носач на гасеници
18. Потпорно тркало
19. Гасеници со гумени папучи
20. Отвор за возачот
21. Визири за возачот
22. Погонско тркало за гасениците
23. Светло со светлосна сигнализација

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА PUMA | |
|---|---|
| ЕКИПАЖ | 3 члена + 6 десантни војници |
| ДОЛЖИНА | 7.6 m (со дополнителен оклоп) |
| ШИРОЧИНА | 3.9 m (со дополнителен оклоп) |
| ВИСОЧИНА | 3.6 m (со електронски системи) |
| КЛИРЕНС | 0.45 m |
| ТЕЖИНА | 31.450 kg (оклопна заштита ниво А)<br>43.000 kg (оклопна заштита ниво С) |
| ПОГОН | Дизел мотор MTU V10 892 со снага од 1.100 ks |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 70 km/h |
| ВЕРТИКАЛНА ПРЕПРЕКА | 0.8 m |
| ВОДЕНА ПРЕПРЕКА | 1.2 m (без припрема) |
| ПРЕМИН ПРЕКУ РОВ | 2.5 m |
| ОПЕРАТИВЕН РАДИУС НА ДВИЖЕЊЕ | 600 km на пат<br>300 km на земја |



# Airbus Helicopter „H145“ („EC145“)

ЕС145“ е лесен, повеќенаменски хеликоптер со два мотори. Постојат воени варијанти на хеликоптерот произведени под различни ознаки, како што се „Н145М“ или „UH-72“, и истите се користат за обука, за логистичка поддршка, за медицинска евакуација, за извидување, за лесен напад и за операции со воен транспорт. Се работи за хеликоптер кој може да носи до девет патници, заедно со двајца членови на екипажот, во зависност од конфигурацијата на клиентот. Во аранжман за медицинска евакуација „ЕС145“ може да носи до двајца пациенти со тројца членови како придружен медицински персонал. Веќе се работи на развој на надграден „Н145“ од март 2019 година, со можност за зголемување на товарот за 150 килограми. Неговата сертификација се очекува да биде во првиот квартал на 2020 година. Настанал како резултат на заеднички развој помеѓу компаниите „Eurocopter“ и „Kawasaki Heavy Industries“ врз основа на нивните претходни заеднички произведени воздухоплови. Предностите што ги има „Н145“ вклучуваат поголем опсег и капацитет на оптоварување, современи системи, значително зголемена површина на кабината, намалени вибрации и емисија на бучава, мерки за поедноставување на одржувањето, како и минимизирање на оперативните трошоци. Безбедносната сертификација на „ЕС145“ („Н145“) е доделена од страна на германскиот „Luftfahrt-Bundesamt“ и јапонското „Civil Aviation Bureau“ во декември 2000 година, од страна на американската Federal Aviation Administration во 2002 година. Сертификацијата опфаќаше тест на оперативните способности, а посебно на Single-Pilot Operations, Instrument Flight Rules и Single Engine Operations, користејќи очила за ноќно летање. Двете компании, „Eurocopter“ и „Kawasaki“, имаат договор според кој самостојно произведуваат и продаваат на пазарот, додека заеднички работат на развој и надградба. Првата компанија има 60% удел во производство кое вклучува: главен и опашен ротор, редуктори, системи за контрола, структура на кокпитот и на опашниот дел, како и опрема за слетување. Втората компанија има 40% удел во производството, кое вклучува: структура на трупот, главна трансмисија, електрични системи и системи за гориво.



Во август 2010 година е објавено дека партнерството помеѓу двете компании за развој и производство на „H145“ е продолжено најмалку до 2025 година. Специјализираната ВИП-варијанта развиена во соработка со „Mercedes-Benz“, позната како „EC145 Mercedes-Benz Style“, започна во 2010 година, со можност за транспортирање до шест патници, опремена со луксузен ентериер, кожени седишта, дрвени облоги, напредно амбиентално осветлување, системи за забава во лет и слично. Во 2011 година „Eurocopter“ лансирал надграден модел на „EC145“, назначен како „EC145 T2“, промовирајќи го новиот модел на изложбата „Heli Expo 2011“. Овој модел е дизајниран со значително зголемување на перформансите, нови мотори, дводигитални контроли (Full Authority Engine Digital Authority – FADEC), редизајн на опашниот ротор, воведени значителни разлики и подобрувања во потсистемите, кај кокпитот, усвојување на повеќедигитална авионика и целосно модуларен пристап кон овие системи, а меѓу најголемите промени е софистицираниот 4-оскин автопилот. Во април 2014 година е добиено сертифицирање за пловност/летање од Европската агенција за безбедност во воздухопловството, а сертификација од американската Федерална администрација за авијација хеликоптерот добил во 2014 година.

Во 2011 година „Eurocopter“ развива варијанта на хеликоптер што вклучува и беспилотни летови (optionally piloted vehicle – OPV), кои започнале во 2013 година. Моделот „EC145 OPV“ е способен за автономна операција, односно алтернативно да биде контролиран од човечки оператори преку кокпитот или од копнена станица за контрола. Во итни случаи „EC145 OPV“ е програмиран да започне со автоматска постапка за летање, лебдење до земја и безбедно слетување на хеликоптерот. Сега за сега не постојат цврсти планови „EC145 OPV“ да продолжи со производство, но инвестициите во проектот продолжуваат. Во јули 2014 година „Airbus Helicopters“ ја лансира варијантата „EC145e“, со пониска цена од вообичаената верзија, постигната со отстранување на дел од системите. Хеликоптерот „EC145“ е опремен со целосен дигитализиран кокпит, со активни кристални ЛЕД-дисплеи и со извонреден автопилот. Во ноември 2008 година „EC145“ го изврши првиот лет на медицински транспорт според правилата за летање по инструменти (Instrument Flight Rules - IFR). Овој хеликоптер, исто така, е првиот цивилен хеликоптер којштo е опремен со очила за ноќно летање. Во текот на 2011 година, компанијата „Rega Swiss Air-Rescue“ објави дека вкупно 10.240 мисии се извршени со „Eurocopter EC145“, згрижувајќи 9.278 повредени или унесреќени лица. Покрај тоа, реализирани се 2.083 ноќни мисии. Истата година „German Air Ambulance“ реализирал 38.000 мисии. Заклучно со април 2012 година, испорачани се вкупно 500 модели. Првите оператори се Франција и Германија. Во јуни 2013 година, германското Сојузно министерство за одбрана најави дека планира да се здобијат со 15 „EC145“ во воена конфигурација за своите сили за специјални операции, назначени како „EC645 T2“, вооружени и опремени со електронски систем за контрамерки, балистичка заштита, електрооптички систем, систем за брзо јаже, куки за карго и дигалки.

Во 2006 година, „UH-145“, како воена варијанта на „EC145“, е избран за програмата за лесни повеќенаменски хеликоптери на американската армија, победувајќи три други хеликоптери. Договорот, вреден 3 милијарди американски долари, вклучува снабдување и сервисирање на 345 хеликоптери. Оваа варијанта од Министерството за одбрана на САД е означена како „UH-72 Lakota“. Првиот „UH-72A“ е предаден на американската армија во декември истата година.

Во декември 2018 година Србија бараше набавка на 8 „H145M-варијанти за српските воздушни сили и противвоздушната одбрана. Три од овие хеликоптери е побарано да бидат опремени со системот за оружје „Hforce“, вооружени со митралез, автоматски топови, ракетен фрлач, електрооптички систем за таргетирање, водени ракети и слично.

Драган Павловски



EC145 е производ на компанијата „Eurocopter“, ребрендирана како „Airbus Helicopters“ во 2014 година. Служи за превоз на патници, како карго-транспорт, за итни медицински услуги, за пребарување и спасување и за други задачи

| ГЕНЕРАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „EUROCOPTER EC145“ | |
|---|---|
| ПОСАДА | 1-2 пилоти |
| КАПАЦИТЕТ | 9 патници |
| ДОЛЖИНА | 13.03 м |
| ВИСИНА | 3.45 м |
| ТЕЖИНА НА ПРАЗЕН ХЕЛИКОПТЕР | 1 792 кг |
| МАКСИМАЛНА ТЕЖИНА НА ПОЛЕТУВАЊЕ | 3 585 кг |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 268 км/час |
| БОРБЕН РАДИУС | 680 км |
| ДОЛЕТ СПОРЕД РАСПОЛОЖИВОТО ГОРИВО | 855 км |
| ПЛАФОН НА ЛЕТ | 5 240 м |



# „COMMANDO Select“ – оклопно возило на тркала

Возилата „COMMANDO Select“ се произведуваат од страна на компанијата „Textron Marine & Land Systems“. Возилата се дизајнирани да обезбедат супериорна подвижност, опстанок и одржливост, притоа со лесно ракување и одржување на истите. Строго тестирани и докажани во најтешките услови и средини, COMMANDO-семејството на возила нудат заштита до надминување на нивото на MRAP, неспоредлива мобилност на патот/надвор од патот, како и доволна огнена моќ. Поаѓајќи од трите линии на возила, компанијата испорачува приспособени можности кои ги задоволуваат потребите на мисијата на потрошувачите по неспоредливи цени со останатата конкуренција од производителите од овј тип на возила. Компанијата TEXTRON, како снабдувачи со оклопни возила со целосен спектар, ги следи возилата во текот на целиот пат. На потрошувачите им се нуди теренско управување на возилата, обука и логистичка поддршка, покрај извонредноста во дизајнот и производството на возила. COMANDO-семејството на возила ги

Оклопното возило на тркала „COMMANDO“ овозможува брзи напади“, притоа обезбедувајќи искучителни перформанси низ целиот спектар на воени операции



опфаќа следните возила:
- „Commando Advanced“
- „Commando Select“
- „Commando Elite“
- „Commando Utility“

COMMANDO Select-оклопните возила на четири тркала нудат подобрена комбинација на преживување, опстанок, подвижност и одржливост. Заштита на екипажот до MRAP ниво 1 е вградена во сите возила од типот „COMMANDO Select“. Меѓутоа, поголемата одржливост на возилото не значи жртвување на мобилноста. Овие возила обезбедуваат поголема подвижност од другите оклопни возила од типот MRAP на пазарот. Возилото „COMMANDO Select“ може да биде конфигурирано за во него да можат да се сместат до 10 војници (3 екипаж + 7 војници), со што би се овозможил поголем капацитет за транспорт. Возилата „COMMANDO Select“ се дизајнирани за едноставно оперирање и одржување, со достапни резервни делови, обука и сервисна поддршка.

Овие возила се управувани од тричлен екипаж и дополнително може да се сместат уште седум патници. Од „COMMANDO Select“ се развиени следните варијанти:
- „COMMANDO Select“-оклопен транспортер (APC) со купола;
- амбулантно возило – „APC ambulance“;
- 90mm возило за директна поддршка;
- возило-носач на минофрлач.

„COMANDO Select“ оклопен транспортер со купола е една од варијантите која значајно ја зголемува безбедноста, подвижноста и оддржливоста, користејќи ги притоа стекнатите знаења во текот на повеќе од 10 годишното искуство при употребата во борбениот театар. Ова возило кога е со купола има екипаж од 3 (командир, возач и нишанџија) плус 4 лица дисмоунт. Доколку возилото е опремено со OGPK (The Objective Gunners Protective Kit) или со CROWS (далечински контролирана вооружена станица), тогаш посадата е 3 лица плус 7 војници за транспорт.

„COMMANDO Select“ оклопните транспортери и амбулантните возила обезбедуваат балистичка заштита како и заштита од експлозии на медицинскиот персонал во текот на третманот и транспорт на повредените лица. Возилото има екипажод 3 лица, двајца амбулантни пациенти и двајца во лежечка состојба.

„COMMANDO Select“ носачот на минофрлач ги исполнува новонастанатите побарувања на денешните борбени единици за поголема оперативна флексибилна и приспособлива способност за индиректна огнена поддршка, истовремено искористувајќи ја подвижноста и одржливоста на возилото. Ова возило е претставено во 2013 година на саемот „DEX-International Defence Exhibition and Conference“. Истото е наменето за супериорна огнена поддршка од заштитена подвижна платформа. Екипажот на оваа варијанта

> „COMMANDO Select“ оклопните возила на четири тркала нудат подобрена комбинација на преживување, опстанок, подвижност и одржливост. Заштита на екипажот до MRAP ниво 1 е вградена во сите возила од типот „COMMANDO Select“




е составен од возач и командир, како и двајца послужители на минофрлачот. Возилото може да испукува гранати од минофрлач 120 мм, притоа може да се складираат 82 гранати со високо експлозивно осветлување и чадна муниција. Елевацијата на испукување е помеѓу 45° и 85°. Има способност да пука под азимут од 360°.

Оклопното возило 90 мм за директен оган (директна поддршка) претставено е на саемот „AUSA - Annual Meeting and Exposition“ 2013 година во Вашингтон, опремено е со лесна купола „cockerill CSE 90LP“ од производителот „CMI Defence“. Вооружениот систем од двајца вклучува cockerill Mk3 90mm топ. Куполата вклучува дополнителна огнена моќ и огнена поддршка дење и ноќе во борбените операции против бунтовници и останати операции. Возилото има екипаж од 4 члена (командир, возач, нишанџија и послужител).

Сите варијанти на „COMMANDO Select“ возилата можат да бидат опремени со специјална опрема согласно мисијата заснована на спецификациите на потрошувачите. Семејството на возила од овој тип вклучува и дополнителни варијанти како што се командни и контролни возила, инженериско возило, возило за оддржување, OGPK (The Objective Gunners Protective Kit) и извидувачко возило.

Секое возило може да се пофали со систем на врати за распоредување, кои ги обезбедува модуларниот производител на торзиони федери „Counter Balance Corporation“. Вратата на носачот на минофрлачи поставена на врвот од возилото, станува практично безтежинска со помош на системите за контрабаланс (против тежа), овозможувајќи им на војниците кои се внатре брзо да реагираат за време на непријателското ангажирање.

Возилата „COMMANDO Select“ опционално се опремени со купола, монтиран автоматски фрлач на гранати 40 мм MK-19 и митралез 0,50 cal со нишани M-36 кои обезбедуваат дневно/ноќно набљудување, или може да бидат опремени со купола со топ „cockerill 90mm“ (low-pressure gun). Останатите опции вклучуваат далечинска вооружена станица и минофрлачи 120 мм.

Возилата се заштитени со монококен оклоп на трупот во V-форма и можат да бидат опремени со скалабилен модуларен оклоп за дополнителна заштита. Посадата е заштитена од директен оган, импровизирани експлозивни направи (IED) како и експлозија на мини.

Според достапните информации добиени од отвореи извори просечната цена на чинење на едно вакво возило е 1,027,27 USA $.

Возилото „ COMANDO Select “ се напојува со „Cummins 6CTA8.3 мотор со 280hp“. Поврзан е со автоматска трансмисија со шест степени на пренос развиена од „Allison“. Возилото е опремено со „run flat“ гуми 16.00R20 XZL од производителот Michelin. Возилото има потполна предна



Возилата „COMANDO Advanced“, изведени од оклопните безбедносни возила „Armored Security Vehicles“ – ASV, на компанијата „TEXTRON Systems“, се докажани во борба на локации како што се Авганистан, Ирак и Колумбија

и задна независна суспензија со горни и долни контролни краци. Има максимална брзина на движење од 100 км/ч на тврда подлога, нуди автономија на опсег од 644 км. Брзината може да се забрза од нула до 32 км/ч за само осум секунди и до 80 км /ч за 30 секунди.
Должината и ширината на ова возило се 6.62m и 2.74m соодветно. Дијаметарот на вртење му е 21,3 метри и високо е 3,022 метри.
Останати карактеристики и спецификации на „COMANDO Select“ возилото: производител: „Textron Marine & Land Systems“; должина: 6,62 метри;широчина: 2,74 метри;висина: 3,022 метри; тежина 18,460 тони; посада: 3 (плус 7 патници); вооружување: достапни опции; мотор: „Cummins 6CTA8.3“;суспензија: Independent suspension; оперативен дострел: 644 км; максимална брзина: 100 км/ч.; совладување на наклон од 60%; совладување на страничен наклон 30%; совладување на вертикална препрека: 0,56 м; совладување на водена препрека: 1,5 м; радиус на вртење: 21,3 м.
Моментални оператори на TEXTRON возилата се САД, Канада, Авганистан, Ирак, Колумбија и Бугарија.
Компанијата TEXTRON има испорачано над 630 возила од сите три варијанти за Авганистанската национална армија. Во Канада ја има поголемата и поширoката верзија на ова возило позната како „Textron Tactical Armoured Patrol Vehicle“, околу 500 возила, САД имаат 1836 возила, пред сè искористени од страна на Воената полиција на Армијата на САД, во Колумбија има 39 возила, во Ирак 264 возила за Ирачката национална полиција и во Бугарија има 17 возила, од коишто 6 беа ангажирани во Авганистан.
Возилата „COMANDO Advanced“, изведени од оклопните безбедносни возила „Armored Security Vehicles“ – ASV на компанијата „TEXTRON Systems“, се докажани во борба на локации како што се Авганистан, Ирак и Колумбија. Тие нудат одлична подвижност на патот/надвор од патот, овозможувајќи да оперираат во урбани средини, џунгли, пустини и планински терени. Заштитата на екипажот е зајакната со оклоп во V-форма на дното на трупот и има 360 степени заштита од директен оган. Клиентите кои ја користат платформата „Advanced“ можат да ја надоградат заштитата на персоналот на повисоко ниво со помош на пакетот подобрено преживување. „Advanced“ возилата се исклучително сигурни. Возилата кои се употребуваат во Армијата на САД испорачаа одлична стапка на оперативна подготвеност, секогаш над просекот.

Идриз Идризоски



# Хаубица „TRF1“ 155 мм



TRF1“ 155 мм е влечна хаубица произведена од „Nexter“ (поранешна „Giat“ индустрија) и е целосен проект и производ на француската воена индустрија, којшто се употребува главно во француската армија. Цевката на оваа хаубица е основа за развој на многу подоцнежни модели на самоодни хаубици. Хаубицата „TRF1“ е произведувана во периодот од 1989 до 1993 година. Хаубицата е влечена од моторно возило од типот „TRM 10000“, за кое подолу во текстот се дадени основни информации и карактеристики. Оваа хаубица на француската армија, почнувајќи од 2015 година, полека но сигурно ја заменува „CAESAR“ 155 мм-системот, за којшто пишуваме во минатите изданија на магазинот „Штит“. „TRF1“ 155 мм е најмногу се користела за време на Заливската војна во Ирак (од 2 август 1990 до 28 февруари 1991 година). Може да се транспортира и по воздушен пат со транспортни авиони од типот „C130“ и „C160“. Моментално корисници на орудието се Франција, Кипар, Саудиска Арабија и Сенегал.

Склоповите на „TRF1“ 155мм се целосно придвижувани од хидраулични системи. Како резервна варијанта оваа хаубица во случај на нефункционирање на хидрауликата поседува и паралелни контроли и механизми за рачно движење на цевката и на останатите склопови на хаубицата. Затворениот хидрауличен систем е со варијабилни вредности на притисокот во зависност од склоповите и е во рамките од 50 до 150 бари.

Поделбата на нишанските направи на ова орудие е 6400 илјадити (тип на панорама GA 81).

На самото орудие е инсталиран радиоуред за врски од типот „TRVP-11“, кој овозможува комуникација со командниот дел на батеријата и со останатите елементи на борбениот распоред на единицата. Уредот има фреквентен опсег од 47 до 56.950 MHz.

Славчо Кузманоски

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „TRF1“ 155 ММ | |
|---|---|
| КАЛИБАР НА ЦЕВКАТА | 155 mm |
| НАЧИН НА ПОЛНЕЊЕ | Полуавтоматски |
| ДОСТРЕЛ | 28 km (со проектил „OE 155 RTC“)<br>24 km (со проектил „OE CRF1“) |
| ТЕЖИНА | 10.520 kg |
| ДОЛЖИНА | 9,21 m (во маршевска положба)<br>12 m (во положба за стрелба) |
| ШИРИНА | 2,92 m (8,40 m со отворени краци) |
| ВИСИНА | 2,52 m (основна положба)<br>7,10 m (максимална висина-елевација на цевката од 66 степени) |
| ПОСЛУГА | 8 (1 командир и 7 послужители) |
| КЛИРЕНС | 0,4 m |
| ХОРИЗОНТАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | лево 25 степени,  десно 38 степени |
| ВЕРТИКАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | од - 6 степен до +66 степени |
| РЕЖИМ НА СТРЕЛБА | 6 проектили за една минута |

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ВОЗИЛО ЗА ВЛЕЧЕЊЕ „TRM 10000“ | |
|---|---|
| ТИП НА МОТОР | „Renault“, турбо-дизел<br>со 6 цилиндри и 266 кс |
| РЕЗЕРВОАР | 500 литри |
| РАДИУС НА ДВИЖЕЊЕ | 1200 km |
| НОСИВОСТ | 12 - 16 тони |
| НОСИВОСТ НА ИНТЕГРИРАНА ДИГАЛКА НА ВОЗИЛОТО | до 800 kg |
| ДОЛЖИНА | 9,05 m |
| ШИРИНА | 2,50 m |
| ВИСИНА СО ВГРАДЕН | 3,30 m |
| МИТРАЛЕЗ 12,7 ММ | 0,38 m |
| КЛИРЕНС | 15 000 kg |
| ТЕЖИНА (ПРАЗЕН) | 21 000 kg |
| ТЕЖИНА (СО ТОВАР) | до 90 km/h |
| БРЗИНА НА ДВИЖЕЊЕ НА ДОБРИ ПАТИШТА | до 50 km/h |
| БРЗИНА НА ДВИЖЕЊЕ НА ЗЕМЈЕНИ ПАТИШТА – ТЕРЕНСКИ УСЛОВИ | 56 комплетни проектили (зрно, запалка и согорувачка чаура) |




# „Либератор ФП-45"
# Штос, или добра идеја?

Либератор ФП-45“ е мошне едноставен пиштол со калибар од 11,43 mm, изработен со намера да биде масовно исфрлан од авиони во окупираната Европа, со цел да се промовираат цивилни саботажи против германските оккупациски сили.
Причината за појавувањето на овој пиштол е последица на состојбата во воената 1942 година. Голем дел од Европа во 1942 година бил прегазен од германската „чизма„“, а ни состојбата во одредени делови на Африка и Азија не била најдобра за сојузниците. Во многу од окупираните земји имало голем број луѓе кои биле подготвени да се

Едно од најнеобичните огнени оружја дизајнирани досега, секако е пиштолот „Либератор“. Тој е еден од поинтересните артефакти на Втората светска војна која дала некои од најнеобичните решенија во областа на стрелачкото вооружување

борат против окупаторот, ама постоел непремостив проблем, а тоа е што вооружувањето на домашните вооружени сили главно завршило во рацете на Германците, или кај нивните сојузници Италијаните и Јапонците, како и кај локалните квинслиншки сили. Па, така, логичен потег на сојузниците бил да изнајдат решение  како да ги вооружат патриотски расположените маси.
Идејата за фрлање оружје на припадниците на движењата на отпорот во  окупираните земји се припишува на Винстон Черчил.
Во почетокот на 1942 година, тој, наводно, понудил да им испорачува

комплети на експлозиви и оружје. Со овие комплети, тие би можеле да ги саботираат непријателските објекти. Во неговата оригинална форма, оваа идеја не била развиена, но била сериозно преработена. Така, во март 1942 година, полското воено аташе во САД предложил производство на евтин пиштол кој би можел масовно да се произведува и да се доставува до припадниците на движењето на отпорот. Покрај позитивното влијание врз моралот на населението, со тоа би се дала можност за доаѓање до сериозно вооружување. Идејата била припадниците на движењето на отпорот да ги употребат пиштолите за ликвидација на германските војници, кога тие најмалку се надеваат и тогаш да им го одземат вистинското оружје со кое би можеле да ја продолжат борбата. Јасно е дека ваквиот тип на акции би имал и многу негативно влијание врз окупаторските војници и врз нивниот морал, бидејќи повеќе не би се чувствувале безбедно никаде. Здружениот комитет за психолошки дејства на американската армија добил задача да развие токму такво оружје, кое ќе може брзо и евтино да се произведе во голем број. Акцентот бил на тоа дека нема да биде изработувано од стратегиски материјали и дека за производството нема да бидат потребни индустриски ресурси, кои веќе биле ангажирани за производство на конвенционално вооружување. Било заклучено дека улогата најдобро ќе ја изврши пиштол со мазна цевка со еден куршум, изработен со технологија на пресувани лимови. Оружјето би се исфрлало од авиони над окупираните територии. Според законот на веројатноста, дел од овие евтини пиштоли, без сомневање, би завршиле во рацете на припадниците на локалните движења на отпорот, кои така би добиле поефикасно оружје од нож или обична палка. Од друга страна, примероците до кои би се дофатиле окупаторите, поради малиот ефикасен дострел и многу краткиот животен век на пиштолот, не би им помогнале во воените дејства. Здружениот комитет за психолошки дејства на американската армија го контактирал „General Motors“, поточно „Inland Manufacturing Division“, со задача да развијат нов пиштол. Џорџ Хајд, главниот конструктор понудил за неполни два месеци пет прототипови. Целиот проект бил обвиткан со тајна. Сите делови добиле изменети имиња, а влез во просториите во кои се проектирал бил дозволен само на персоналот непосредно задолжен за развојот. Набрзо се јавил проблем кој ќе го произведува, бидејќи „Inland“ веќе наголемо бил ангажиран околу производството на карабинот М-1. Било најдено соломонско решение,



па работата била доделена на друг оддел на „General Motors“ – „Guide Lamp Division“. Производството на „Либераторот“ започнала во втората недела на јуни и завршило точно на 21 август 1942 година. Значи, за приближно половина година, дошло од идеја до развој и завршеток на производството на милион парчиња на овој необичен пиштол. Во производството учествувале околу 300 работници на „Guide Lamp Division“. Бидејќи тоа бил таен проект, сите морале да положат заклетва за чување на тајна. Како што деловите на оружјето при изработката на проектната документација добивале лажни имиња, така и готовиот производ добил едно такво име – „Flare Projector 45“ (уред за испукување на сигнална муниција). Ова е вообичаена практика во светот па, така, на пример, британскиот проект





од Првата светска војна бил наречен „Тенк“ (цистерна), чие име потоа во цел свет ќе го носи едно од најстрашните и најефикасни борбени средства. Пиштолот „Liberator“ (Ослободител) бил исклучително евтино оружје за производство. Наводно, според некои извори, проектираната цена за изработка на едно парче требала да биде околу 1,5 долар, но конечната изнесувала 2,1 долар. Ако се земе предвид произведената количина со времето во кое е направен, се доаѓа до заклучок дека биле потребни помалку од седум секунди за да се направи едно парче. Дефинитивно, најевтино и најбрзо направено огнено оружје до сега. А, дека била во прашање убиствена направа, зборува и податокот дека еден работник во



„Guide Lamp Division“ бил првата жртва на „Либераторот“. Работникот, при еден несреќен случај, случајно со пиштолот си испукал куршум во пределот на абдоменот. Поради тајноста, била наведена лажна причина за смрта. Самиот процес на производство не бил без проблеми, па така, на пример „Guide Lamp“ го немал потребниот машински парк за изработка на цевките, па работата морале да ја доверат на друг оддел на „General Motors – Fridgidair“. Таму цевките биле изработувани со мошне строго толерирање од +0,05 mm, па така ни брзината на зрното на устата на цевката не била толку драстично помала од нормалната и изнесувала околу 220 m/s. За оружје наменето за гаѓање од непосредна близина, особено со тешко зрно со калибар 11.43 mm, тоа било и повеќе од доволно за да заврши работа. Уште еден проблем бил забележан при почетните тестови, повремено доаѓало до неиспукување, бидејќи ударната игла не можела секогаш да погоди во капислата на куршумот. Тој проблем бил „елегантно“ решен со додавање на посебна водилка на удирачот, која поминувала низ блокот на затворачот, кој воедно и бил заден нишан. Тука под „елегантно“ се подразбира едноставноста на решението и неговата ниска цена, а никако изгледот. Сите произведени примероци морале да поминат тест, односно да издржат еден стандарден куршум – 11,43 mm, без видливи проблеми, а поединечни примероци доживеале и вистинска тортура од дури 50 куршуми. Секако, брзо се видело дека таквата конструкција може да издржи во просек од 8 до 10 куршуми, а тогаш почнувале да се јавуваат проблеми. Најчесто тоа било распукнување на точкестите варови на ракофатката, но како многу посериозно се покажало виткањето на блокот за забравување после испукувањето. Овој блок бил парче од нешто подебел лим, така што не било ни чудно зошто се јавувал овој проблем. Но, ако се земе предвид идејата дека пиштолот бил првенствено наменет од него да се испука еден до два куршуми, тогаш проблемот и не бил страшен. Што се однесува до прецизноста, како што и може да се претпостави, таа било катастрофално лоша. Кратка, неожлебена цевка не е во состојба да го стабилизира стандардното зрно со маса од 14.8 грама, така што пиштолот, генерално, бил употреблив само на мали далечини до пет метри. Од друга страна, треба да се каже и тоа дека неожлебената цевка не оставала траги на зрното кои балистичките вештаци од тоа време би можеле да ги употребат. На пиштолот немало никакви сериски

броеви, што е и логично, со оглед на природата на оружјето, иако на поединечни примероци можат да се најдат едвај забележливи букви внатре во ракофатката или едноцифрени или двоцифрени броеви излиени на ударачот. Споменатиот удирач бил изработен со техника на лиење, за разлика од остатокот на пиштолот, освен, се разбира, цевката. Ваквото грубо и евтино оружје за последица морало да има и евтина површинска заштита. За разлика од американското оружје од тоа време кое најчесто било квалитетно паркеризирано (фосфатизирано), тука била направена таканаречена бондаризација. Тоа исто така е процес на фосфатизација, кој нормално е последица на подготовката за боење или емајлирање на челични предмети. Било заклучено дека нема потреба да се прави подобра заштита, што се покажало како исправно. Што се однесува до пакувањето, тоа било „спартанско“, како и самото оружје. Во картонска кутија, покрај пиштолот, биле спакувани и картонска кутија со 10 куршуми 11.43 mm, дрвена метална прачка која служела како избивач на чаурите, стрип-упатство за ракување и дрвен блок кој служел да се спречи тркалање при транспортот. Кутијата била парафинирана со цел комплетот да биде колку-толку заштитен од влага. Со цел луѓето на окупираните територии да можат веднаш да препознаат дека во неа е „ослободителот“, на надворешната страна бил нацртан пиштол, од чија цевка излегува чад. Основната идеја на Здружениот комитет за психолошки дејства била, големи количини на пиштоли да се исфрлат над окупираната Европа. Меѓутоа, тука се појавил првиот проблем. Американците во тоа време немале можност тоа да го направат сами, па се јавиле за помош кај Британците, па брзо на островот биле префрлени половина милион пиштоли. Британците набрзо побарале натамошното снабдување да се сопре. Причините за тоа биле повеќе. На прво место, СОЕ (Special Operations Executive) барале тие да го водат проектот, со што Американците не се согласиле. Освен тоа, Британците изгубиле интерес и поради логистички причини. Имено, бомбардерите од типот „Витли“, кои требало да ја вршат испораката, можеле да испорачат само 600 пиштоли по налет. Бидејќи испораката на „Либераторот“ не била примарна задача за бомбардерите, јасно е зошто морале да се откажат од оваа идеја. За разлика од вкоренетото мислење, ниту еден примерок, колку што е познато, не бил испорачан во Франција, што бил првобитниот план. Една мала количина преку ОСС (претходница на ЦИА), била доставена до грчките партизани во текот на 1944 година. Од друга страна, пак, „Либератор“ имал малку повеќе среќа на азискиот континент. Американската армија, како почетен носител на проектот, наскоро одлучила да се реши од „баластот“, па бесплатно ги предала на располагање на ОСС, кој дел од пиштолите ги проследил во Кина, во Индија и на Филипините. Интересно е дека единствено на Филипините тие доживеале некој вид на службена употреба, бидејќи кратко време по војната ги користила или подобро кажано ги носела униформираната полиција. Според некои процени на Кинезите им биле доставени до 100.000 парчиња „Либератор“, кои доживеале ограничена употреба против Јапонците, и тоа токму на начин како што било предвидено со првобитниот план. Сепак, најголем број произведени пиштоли доживеале тажна судбина да бидат уништени. Дел од пиштолите биле продадени на отпад, како секундарна суровина, додека поголемиот дел, едноставно бил отстранети со фрлање во море, што некогаш бил вообичаен начин за отстранување на вишокот оружје и муниција. Ретки примероци, кои по игра на случајноста преживеале до денес, можат да се сретнат само кај колекционери или во музеите. Уште поретко има случаи тие да бидат комплетни, односно со нив да оди и соодветната кутија со целосен аксесоар.




Конструкцијата на „Либераторот“ е исклучително едноставна, како и ракувањето со овој пиштол. За да се подготви за дејство, потребно е прво да се повлече удирачот во задна положба и да се сврти на лева или на десна страна за 90 степени. Со повлекување, условно кажано, на блокот на затворачот во горна положба се овозможува ставање на куршумот во лежиштето во цевката. По ставањето, се враќа споменатиот блок во првобитна положба. После тоа се ротира ударачот за 90 степени, така што водилката на ударачот влегува во соодветниот отвор на блокот на затварачот. Тогаш пиштолот е подготвен за дејство. Доколу треба да се исфрли испуканата чаура, доволно е да се употреби дрвениот избивач или пак друг соодветен предмет.

Пиштолот „Либератор ФП-45“ е еден од најинтересните модели на мало оружје од Втората светска војна, а во однос на стапките на производство, веројатно му немало рамен. Сепак, тоа не му помогнало да влезе во целосна експлоатација и да ги реши сите задачи. Причините за ваквите резултати на проектот биле мошне едноставни. Во основа, пиштолот бил интересен, но не и многу успешен концепт за „еднократно“ оружје за членовите на движењата на отпорот, што во практика не можело да се оправда. Покрај тоа, специфичниот дизајн јасно ги ограничил карактеристиките и практичната вредност на оружјето. Сето ова довело до познатите резултати. САД изработиле околу милион едноставни и евтини пиштоли, но поголемиот дел од нив останале во магацините, од каде што директно оделе за рециклирање. Дел од оружјето, сепак, стигнало до нивните оператори, но никогаш не биле искористени за таа намена за којашто биле направени. Пиштолот „Либератор ФП-45“ остана „светла“, но „бескорисна страница“ во историјата на американското оружје.

Александар Стојчевски




# Деветгодишната војна
# Хибридна војна од XVI век

Почетокот на дваесет и првиот век иницираше исклучително често да се дискутира на тема хибридна војна. Хибридната војна се покажа како особено интересна и комплексна појава која поттикна многу дискусии и го прошири конвенционалното сфаќање на војната, особено после руската интервенција во Украина во 2014 година, при што контемплациите на оваа тема го достигнаа својот зенит

Несомнено, хибридната војна претставува модерен начин на војување и за многумина е последната нишка на еволуцијата на војната. Она што е особено интересно во врска со овој нов начин на војување е фактот што дефинициите во врска со терминот „хибридна војна" варираат и неретко се приспособуваат на конкретниот настан кој е предмет на анализа, на перспективата на авторот, или на двете во исто време.

Земајќи го ова предвид, многумина за хибридната војна би кажале дека е форма на конфликт кој опфаќа комбинирање на конвенционални и неконвенционални воени сили, кои можат да вклучуваат државни и недржавни актери, кои имаат цел достигнување на заеднички политички цели. Други автори, пак, го застапуваат мислењето дека покрај неконвенционалните и конвенционалните сили и средства, треба да бидат вклучени и сајбер-војувањето и трката за информации. Кога на ова би се додало тврдењето дека секој вид на неконвенционално дејство кое е насочено кон остварување на истата политичка цел, а притоа да бидат употребени



и конвенционални средства, може да се дефинира како хибридно, би останало евидентно и издржано дека хибридната војна се сведува на заемно и паралелно комбинирање на неконвенционалните и конвенционални сили и средства за да се оствари одредена политичка цел. Токму поради овој заклучок, потрагата по војни кои би се препознале како хибридни во светската воена ризница на историјата, многу брзо дава резултати.

Деветгодишната војна или бунтот на О'Нил, освен што важи за настан кој го означува крајот на Галското владеење во Ирска, е еклатантен пример за хибридна војна во средновековна Европа во XVI век. Оваа војна претставува долг и истоштувачки судир помеѓу малата ирска војска на благородникот Хју О'Нил, поддржана од сојузништвото на големата шпанска воена сила на кралот Филип III, и

моќната англиска војска на кралицата Елизабета I. Почетокот и причината за случувањето на оваа војна се тесно поврзани со низа мотиви кои формираат несигурен терен, поволен за одвивањето на овој судир.
Ирците, кои себеси се гледаат како староседелци на островот, природно чувствуваат притисок и не се согласуваат да се покорат на англиската круна. Поради ова, како еден од главните актери, благородникот О'Нил, по кој и често оваа војна се нарекува бунтот на О'Нил, решава да формира војска која ќе се спротивстави на режимот и ќе ја задржи автономијата во владеењето со ирските провинции.
Во исто време мудро ги негува врските со шпанскиот крал Филип III, поддржани од католичката религија, формирајќи силно воено сојузништво кое го искористува за зајакнување на својата војска. Армијата на О'Нил важи за народна неконвенционална војска која претпочита герилско војување, заседи, препади и дејствување на ридско земјиште, притоа избегнувајќи отворено спротивставување со англиската војска, особено поради нивната тешка коњица. Шпанското мешање во овој „домашен“ судир навидум изгледа нелогично, поради фактот што Кралството Шпанија, познато најмногу по својата армада, поморското војување и колониите кои ги поседува ширум светот, воено поддржува една мала герилска војска да оствари автономија. Клучниот мотив за шпанската конвенционална сила да земе удел во бунтот на О'Нил е само за да ги задржи Англичаните зафатени на домашен терен, со цел да не можат да си дозволат војување и зајакнување на своето присуство на светските или, скромно речено, на поголемите и поважни војувалишта.
Ако се земат предвид овие услови, можеме да заклучиме дека Англичаните се соочуваат со комплексен предизвик од конвенционални и неконвенционални сили, поттикнати од различни мотиви, што бара повеќеслојно решение.
Развојот на деветгодишната војна е проследен со мноштво судири со поголем и понизок интензитет, во којшто во најголем број случаи герилците на О'Нил успеваат да ги надмудрат и да ги победат Англичаните. Иако самата војна претставува низа на борби, коишто резултираат во корист на Ирците, на крајот, во битката кај Кинсејл, Англичаните успеваат да извојуваат победа, а со тоа да ја постигнат и својата мисија – да ги покорат Ирците и да ги протераат Шпанците од нивната територија.

Тука се поставува прашањето: Што ја прави оваа војна хибридна?
Агличаните, во овој случај се конвенционалната сила во судирот и претставуваат моќен воен противник кој генерално се потпира на класичниот начин на војување, што во голема мера значи напад-спротивставување на противникот на отворено поле, со нагласено експлоатирање на коњицата и на пешадијата, а во одбрана – употреба на тврдините и упориштата употребувани за сместување и престој на војската. Она што треба да се спомене е односот на англиската власт со локалното население, кои се фокусирани единствено на финансиите и корист во материјална смисла. Она што ја карактеризира војната како хибридна од страна на Англичаните е фактот што, иако тие претставуваат конвенционална воена сила, во самиот развој на војната популарно користат две неконвенционални стратегии – стратегија на опустошување и стратегија на глад. Опустошувањето се однесува на немилосрдното уништување на имот и стока на локалното население, без разлика дали населението негува симпатии кон ирската војска, многу често употребувано поради демонстрирање на надмоќност или личен материјален доход. Стратегијата на глад, уште една компонента која придонесува во хибридноста на војната, фигурира како преземена мерка за систематско уништување на волјата и способноста на противникот за борба, преку опожарување на посевите со жито и други извори на храна. Во суштина, гладот или како што е објаснет своевремено како главниот инструмент за десеткување на кралството, е резултат на засилената имплементација на уништувањето, која немала цел само да го потисне непријателот во близина на полињата, туку и да ја уништи органската економија на населението, што неизбежно резултирало со глад и намалување на способноста на Ирците да се борат.
Спротивно на ова, војската на О'Нил ја претставува неконвенционалната компонента на овој судир, која за разлика од англиската власт, од локалното население била пречекувана со големи симпатии поради одлучноста за организирано спротивставување на власта. Она што го зајакнува хибридниот карактер на деветгодишната војна е елементот на комбинација на конвенционални и неконвенционални сили, како што е случајот на военото сојузништво и поддршка помеѓу герилската војска на О'Нил и Кралската шпанска војска на Филип III.
Кога би се земало предвид модерното сфаќање на терминот „хибридна војна“, може да се заклучи дека и деветгодишната војна од XVI век го наоѓа своето место во овие дефиниции. Несомнено, хибридната војна на денес е многу покомплексен феномен од бунтот на О'Нил во средниот век, но евидентно е дека суштинските карактеристики на овие конфликти се идентични. Ова поттикнува да се размислува во насока, доколку историјата сведочи дека хибридната војна, која е олицетворение на војната од XXI век, постоела како појава дури во средниот век, уште кои други феномени останува да ги откриеме (повторно) во иднина?

Бојан Миклош





# Мирка Гинова -
## македонската хероина од која треба да учат сегашните и idni генерации

Мирка Гинова е првата жена којашто е стрелана во Грција за политичка вина. Кога Воениот суд ја прочитал смртната пресуда за Гинова и за останатите соборци, според сведоштвото на Софија Поптрајанова-Калпака, во салата се слушнало: „Џелати! Таа никого не убила, убијци, зошто ја осудувате на смрт?"
Мирка Гинова била родена во 1916 година во сиромашно семејство во село Русилово, во близина на Островското Езеро, Воденско, во егејскиот дел на Македонија. Основно училиште завршила во селото, а курс за учителки во Костур во 1939 година. Пред почетокот на Грчко-италијанската војна на 29 октомври 1940 година била назначена за учителка во село во Воденско. По фашистичката германска окупација на Грција во април 1941 година, уште повеќе се вошила положбата на Македонците во Егејска Македонија. Свесна дека само преку

> Кога на 26 јули 1946 година Мирка Гинова чекала да биде стрелана во Еница Вардарско, заедно со уште шестмина борци, пред стрелечкиот вод непокорно ја пееше Интернационалата и, без нималку да поткленке, рекла: „Умирам за нешто во што верувам со сета душа, за поарен живот на другите, а не за мојот"

вооружена борба може да се стигне до слобода, Мирка Гинова се приклучила во редовите на ОКНЕ и во младинската организација ЕПОН и организирала македонски младинки и младинци да ја помагаат народноослободителната борба, по што и самата заминала во партизани во 1943 година, во околината на Кајмакчалан. По капитулацијата на Германија во 1945 година, радоста на населението во Егејска Македонија не траело долго. По ослободувањето на Грција новата власт започнала да ги прогонува членовите на националниот отпор. Членовите на ЕЛАС масовно биле апсени, затворани и подложени на невидена тортура. Посебно македонското население во Егејска Македонија било подложено на репресалии. Во 1945 година Мирка се приклучила на Тајната ослободителна македонска организација ТОМО и при избувнувањето на Граѓанската војна во Грција учествувала во вооружените групи на народноослободителниот фронт. Во една акција на грчката војска, летото 1946 година, Мирка Гинова била заробена и спроведена во Еница Вардарско, каде што била и застрелана.

## Ни пред смртта не покажала малодушност

Грчи војник кој присуствувал на чинот на стрелањето ги забележал последните мигови на Мирка Гинова. Во писмото испратено до нејзиниот татко, тој напишал: „Ви честитам за ќерката што сте ја родиле. Ја пресретна смртта со насмевка на усните, смело пеејќи, дури и ние присутните се зачудивме. Во 5,30 часот ѝ се доближив и прашав дали сака нешто да им напишам на родителите, а таа ми рече: „Ако милувате, пишете му го на татко ми следново: Умирам за нешто во што верувам со сета душа, како чесна, а не како нечесна, за поарен живот на другите, а не за мојот“. Беше чудесна, ниту пред смртта не покажа малодушност. А, исто така, и другите шестмина, но повеќе таа. Војникот му напишал на татко ѝ: „Не ви ги пишувам овие зборови за да ја пофалам вашата ќерка, туку ви ја кажувам само вистината што ја видов. Ве поздравувам јас, еден војник кого должноста го натера да присуствува на овој тажен чин. Имав желба да ви ги напишам последните зборови на незаборавната Ирина, на сите позната како Мирка“, напишал тој.

Македонскиот народ ја опеал нејзината смрт, а повеќе македонски литарати на Мирка ѝ посветија потресни стихови и книги. Велешкото здружение на Македонците од Егејска Македонија „Ѕвезда“, на 26 јули минатата година во Велес, на спомен-плочата на загинатите борци-Македонци од Егејот, загинати во Граѓанската војна во Грција, постави спомен-биста со портрет на хероината Мирка Гинова, изработена од академскиот скулптор Петре Наневски. Бошко Божиков, претседател






на здружението „Ѕвезда“, истакна дека со ова тие ѝ оддаваат почит на големата македонска хероина, а повеќе македонски здруженија на Македонци од егејскиот дел на Македонија ѝ се поклонија на хероината и во нејзина чест положија цвеќе.

Јованка Маркоска од Велес, по потекло од Егејска Македонија, во земјава дошла како мало дете, заедно со нејзините две сестри и со децата бегалци. Таа, за својот брат, Атанас Марков, кој како 20-годишен загинал во Граѓанската војна во Грција и чие име е запишано на спомен-плочата во Велес, вели дека и тој, исто како и Мирка на смртниот час кога во него биле вперени пушките, на убијците им рекол: „Не се плашам од вас, џелати на мојот народ“.

Јованка, како и многумина, напишала песна за Мирка Гинова.

Таа била Мирка Гинова, жена-борец, херој, за која секој Македонец треба да знае, да се инспирира од нејзината животна приказна и од нејзината херојска борба, за да знае и да цени за тоа колку може да се сака и да се жртвува својот млад живот за татковината.

Нејзиното дело и животен пример на жена-борец нека бидат светилник-патоказ кој треба да го следат сегашните и идни генерации на оваа земја, за тоа колку може до смрт да се сака татковината и свесно да ѝ се подари својот млад живот, за други подобро да живеат во слобода. Тоа се вредности и идеали кои треба да ги пронајдат и од кои треба да учат и да се инспирираат и сегашните и идните генерации на оваа земја.

Антоанела Димитриевска





### Хероината Мирка

Како рака не затрепери...
Како око не замагли...
Како ум не се помести...
На нишан нашата бестрашна хероина
МИРКА.
Во нејзиното име
Се највозвишените најголемите
човечки пораки:
МИР...!
и бликна крв!
а крвта не се суши...
Не се суши ни илјада години...
За подобро да одблеснуваат
Нејзините темни бари
Кои ќе сведочат за непокорот
И како храбро се гине за татковината,
За слободата за Македонија
Со насмевка на усни
Пеејќи ја Интернационалата
Згасна животот на храбрата
Македонска хероина Мирка.

Јованка Маркоска



# Како да се промени деловната култура

Иновацијата бара нови однесувања од лидерите и вработените кои честопати се неконзистентни или контрадикторни во однос на корпоративните култури кои, пак, историски гледано, се насочени кон оперативна извонредност и ефикасност. Но, промената на културата не може да се постигне преку мандат од горе надолу. Таа живее во колективните срца и навики на луѓето и во нивната заедничка перцепција за тоа „како се прават работите тука“. Некој со авторитет може да бара усогласеност, но не може да диктира оптимизам, доверба, убедување или креативност.

Во IDEO веруваат дека најзначајната промена често доаѓа преку социјалните движења и дека и покрај разликите помеѓу приватните претпријатија и општеството, лидерите можат да

Деловната култура е како ветрот. Невидлив, но неговиот ефект може да се види и да се почувствува. Кога дува во наша насока, ни овозможува непречена пловидба. Кога, пак, дува против вас, сè станува потешко. Затоа во организациите кои се обидуваат да станат поадаптивни и иновативни, промената на културата е често најтрофејниот дел од трансформацијата

научат на кој начин овие иницијатори ги ангажираат и ги мобилизираат масите за да ги институционализираат новите општествени норми.

### Студијата на случај со движење на д-р Реди

Еден лидер кој добро го разбира ова прашање е Г.В. Прасад, извршен директор во глобалната фармацевтска компанија на д-р Реди со седиште во Индија, која произведува генерички лекови со прифатливи цени, а има 33-годишна традиција. Порастот на компанијата која има повеќе од седум различни деловни единици кои работат/ функционираат во 27 земји и со повеќе од 20.000 вработени, го искомплицира процесот на донесување одлуки.. Иако д-р Реди имаше разработено многу процедури, истите тие процедури ја забавуваа компанијата.

Прасад се обиде да ја развие

културата на д-р Реди и да ја направи подвижна, иновативна и ориентирана кон пациентот. Тој знаеше дека е потребно да се патува за да се усогласат и да се сплотат сите вработени. Затоа, неговиот раководен тим почна да трага по цел. Во текот на неколку месеци, тимот на д-р Реди работеше со ИДЕО за да дознае кои се потребите на сите, почнувајќи од вработените во продавниците до научниците, надворешните партнери и инвеститорите. Заедно тие ја дефинираа и дестилираа целта на компанијата, сведувајќи ја на четири едноставни зборови што се фокусираат на пациентот: „Доброто здравје не може да чека“. Но, наместо да го „забетонираат“ овој нов слоган на мотивациони постери и да го повторуваат на состаноци, раководниот тим започнува со тивко користење на истиот за да започне да ги води/раководи своите одлуки. Целта е оваа идеја да се демонстрира во акција, а не да се зборува за тоа. Проектите се избирани преку „канали“ за да се потенцира агилноста, иновативноста и центричноста на клиентите. Пакувањето на производите е редизајнирано за да биде покорисно за корисниците (ориентирано према клиенти) и да се зголеми довербата/лојалноста. Улогата на претставниците на продажбата во Русија беше повторно да дејствуваат како центри за знаење на лекарите, бидејќи подобри лекари водат кон поздрави пациенти. Развиена е сеопфатна внатрешна платформа со податоци за да им помогне на вработените на д-р Реди да бидат проактивни во однос на барањата од нивните клиенти и да ги решаваат сите проблеми на агилен начин. Идејата е пошироко споделување на наведената цел, и тоа



прво внатрешно со сите вработени, а потоа надворешно со светот. На настанот за пласирање на идејата за внатрешно започнување, вработените на д-р Реди беа запознаени со целта и беа поканети да бидат дел од реализацијата на истата. Тие беа замолени лично да ветат и да размислат како со својата сегашна улога ќе придонесат за тоа дека „доброто здравје не може да чека “. Следниот ден, д-р Реди го откри новиот идентитет на марката и на веб-страницата што јавно ја кажува/цитира целта. Наскоро, компанијата основа две нови „студија за иновации“ во Хајдерабад и Мумбаи за да понудат дополнителна структурна поддршка на креативноста во рамките на компанијата.

Прасад веднаш забележа промена во деловната култура на компанијата Откако е воведена идејата „доброто здравје не може да чека“, еден од научниците кажа дека развил производ за 15 дена и го прекршил секое правило што постои во компанијата. Тој гордо го изјавил тоа! Вообичаено, само за да добие суровини нему би му требале неколку месеци, а да не зборуваме за остатокот од процесот за правење лекови. Но, тој се држел до образложението „итност“ и скромност во барањата. Тој и понатаму ја користи оваа научена лекција и ја применува во сите процеси на команијата.

### Како изгледа едно движење?

За да направиме паралела помеѓу патувањето на д-р Реди и едно движење, треба подобро да ги разбереме движењата. Притоа, честопати мислиме на движења како што се започнување со повик за акција. Но, истражувањата за движење сугерираат дека тие всушност

Социјалните движења обично започнуваат како мали. Вообичаено започнуваат со група страствени ентузијасти кои остваруваат неколку скромни победи. Иако овие победи се мали, тие се моќни да им покажат ефикасност на оние што не учествуваат во групата и им помагаат за движењето да добие „јареа“





Кога станува збор за промена на организациската култура, лидерите премногу често паѓаат во стапицата на прогласување на промените во културата за коишто се надеваат дека ќе ги видат. Но, наместо тоа, тие треба да забележат и да истакнат примери на активности за кои се надеваат дека ќе ги видат во рамките на културата

започнуваат со емоции – дифузно незадоволство од статус „кво“ и широко чувство дека сегашните институции и структурите на моќ на општеството нема да го решат проблемот. Ова незадоволство се претвора во движење кога се појавува глас кој обезбедува позитивна визија и пат напред, што е во моќта на толпата. Социјалните движења обично започнуваат како мали. Вообичаено започнуваат со група страствени ентузијасти кои остваруваат неколку скромни победи. Иако овие победи се мали, тие се моќни да им покажат ефикасност на оние што не учествуваат во групата и помагаат движењето да добие „converted“. Движењето навистина собира сила и обем откако оваа група успешно ќе ги избере постојните мрежи инфлуенсерите. А, со успешни движења, лидерите го искористуваат својот моментум и влијание да ја институционализираат промената во формалните структури на моќ и правилата на општеството.

Практики за „водење“ на културно движење

Лидерите не треба да бидат премногу брзи или едноставни во трансформирањето на динамиката на социјалното движење во планови за управување со промени. Тоа значи дека водачите можат да научат многу од практиките на вештите креатори на движења. Она што теба да се направе е да се истакне прашањето. Успешните лидери на движења често пати умеат да истакнат прашање и ситуации со цел да предизвикаат емоции и да поттикнат акција. Конструирањето може да примени и социјален притисок. На пример, „Недиректното пушење убива. Затоа, срам да ти е што пушиш во близина на други луѓе “.

Во однос на промена на организациската култура, едноставното објаснување за потребата од промена нема да има ефект. Создавањето чувство на итност е корисно, но може да биде со краток век. За да се искористи целосната и трајна посветеност на луѓето, тие мора да почувствуваат длабока желба,



па дури и одговорност за да се променат. Водачот може да го стори тоа со „врамување“ на промените во рамките на целта на организацијата, односно поради прашањето „зошто постоиме“. Добра организациска цел бара вработените да бидат управувани од нешто повеќе одошто само од лична корист, којашто ѝ дава значење на работата, предизвикува индивидуална емоција и поттикнува колективно дејствување. Она што Прасад го направил е – ја „врамил“ трансформацијата на д-р Реди како потрагата по „доброто здравје не може да чека“.
Кога станува збор за промена на организациската култура, лидерите премногу често паѓаат во стапицата на прогласување на промените во културата за коишто се надеваат дека ќе ги видат. Но, наместо тоа, тие треба да забележат и да истакнат примери на активности за кои се надеваат дека ќе ги видат во рамките на културата. Понекогаш, овие примери веќе постојат во рамките на културата, но во ограничен обем. Но, тие треба да бидат и создадени. Кога Прасад и неговиот раководен тим започнаа проекти преку клучните поделби, тие проекти служеа за да ја демонстрираат ефикасноста на подвижен, иновативен и начин на работа ориентиран кон клиентите и за тоа како извршувањето на целта може да донесе резултати за кои се грижи бизнисот. Откако овие проекти беа доволно напреднати, раководството на д-р Реди ги искористи за да помогне во комуникацијата на нивната цел и амбициите за промена на културата.

врз вербата дека луѓето се повеќе подготвени да го поддржат она во што тие имаат удел во процесот на креирање. Така, на настанот кога се пласираше идејата, Прасад ги поканил сите вработени да ја направат целта своја, но и да дефинираат како тие лично би помогнале во испорака на слоганот „доброто здравје не може да чека“.
Креаторите на движења се експерти за градење и за распоредување на симболи и облека кои истовремено создаваат чувство на солидарност и нивно идентификување, во смисла кои се тие и за што се залагаат за надворешниот свет. Симболите и облеката на солидарност помагаат да се дефинира границата помеѓу „нас“ и

дека ќе се забрза трансформацијата. Воедно, на лидерот на претпријатието му е лесно да избегне фракција во организацијата. Впрочем, хармонијата е најпосакувана состојба. И успехот на организациската транзиција честопати се оценува според нејзината беспрекорност, односно функционирање без проблеми.
Но, со пристапот за промена базиран на движења, една умерена количина на фракција е позитивна работа. Целосното отсуство на отпор веројатно значи дека малку се менува. Барајте ги местата каде движењето се соочува со отпор и доживува фракција. Тие честопати укажуваат на тоа каде можеби треба да се развива доминантниот



## Поврзани мрежи

Ефективните генератори на движење се исклучително добри во градењето коалиции, премостувајќи различни групи за да формираат поголема и поразновидна мрежа што споделува заедничка цел. И ефикасните генератори на движење знаат како да ги активираат постојните мрежи за своите цели. Ова беше случај со водачите на движењето за граѓански права во 1960-тите, кои регрутираа членови преку силните врски на заедницата формирани во црквите. Но, регрутирање нови членови за кауза не е единствениот начин, за што креаторите на движењето ги користат социјалните мрежи. Тие, исто така, ги користат социјалните мрежи и за да шират идеи и да ги емитуваат/односно да зборуваат за своите победи.
Раководството на д-р Реди не се криеше за да ја реализира својата цел. Во текот на неколку месеци, луѓе од целата организација беа ангажирани во процесот. Пристапот беше изграден

„нив“. Овие симболи можат да бидат едноставни како, на пример, маица, налепница за браник или копче за општа кауза или да бидат детални како гигантските марионети што често ги гледаме дека се користат во настани кога се протестира. Во тој поглед , д-р Реди ја поврза својата промена во културата и целта со новиот идентитет на корпоративна марка. Внатрешно и надворешно, чинот ја засили пораката за единство и посветеност. Целата компанија се сплоти за реализација на оваа цел.
Предизвик за лидерството
За разлика од генераторот на движењето, лидерот на претпријатието честопати е во позиција на авторитет. Лидерите можат да дадат мандат за измени во организацијата, и тоа во моменти кога тоа е потребно. Меѓутоа, кога станува збор за промена на културата, тие треба да го сторат тоа мошне внимателно, иако е лесно да се искористи нечиј авторитет, со надеж

организациски дизајн и култура. Притоа, треба да се запомни дека промената во културата се случува само кога луѓето преземаат акција. Тоа нека биде појдовната точка. Па, иако артикулирањето на мисијата и промената во структурите на компанијата се важни, честопати многу поуспешен е начинот на решавање на овие видови проблеми, откако на вработените ќе им се покаже посакуваната промена.

м-р Билјана Поповска
*адаптирано од Bryan Walker & Sarah A. Soule*
*https://hbr.org/2017/06/changing-company-culture-requires-a-movement-not-a-mandate?utm_source=facebook&utm_campaign=hbr&utm_medium=social&fbclid=IwAR2puBXd3ObuJdyfDPKmGdYfSwR7_dMfVBjUE6P10wZR2z5_GQBUIu77uDA*



# Случајни случки се случуваат

Полковникот Џон Рендап, пилот на американската армија, од летањето не се откажувал ни по заминување во заслужена пензија. Со својот „малечок старец – „Л-39“, купен на воен отпад, често летал над својот имот во Вирџинија. Една сабота во 1973 година решил да ја продолжи маршрутата на летањето, и не сонувајќи дека неговото летало ќе откаже послушност во незгодно време, во приквечерина, и далеку од некое населено место. Како искусен пилот немал проблеми своето летало безбедно да го спушти на една чистинка, но немал ниту можност да се врати дома.

„Мислам дека од својот дом бев оддалечен 300 милји а местото на кое безбедно слетав беше чиста пустелија . По моја слободна процена, првото населено место не беше поблиску од триесетина милји, така што ми преостануваше да се одлучам на која страна да тргнам“, ќе ја раскаже подоцна својата необична авантура полковникот Рендап. И, кога тргнал да побара помош, во дното од чистинката на која слетал, здогледал запуштена барака.

– Не ми се веруваше дека е вистина она што го видов. Си помислив дека халуцинирам бидејќи кој и зошто би правел барака во ваква пустелија . Моето изненадување се удвои кога од бараката излезе едно запечено старче и тргна кон мене... „Ти откажа менувач„ рече и продолжи. На тој мал



ѕвер само тоа му е мана и ако имаш среќа негде да ми заскитало тоа делче, безбедно ќе се вратиш дома...“ Пилотот Џон Рендап приказната за својата неверојатна авантура ја завршува со следната констатација: „Пријателите ми велат дека тоа е случајност, а јас им одговарам, каква случајност да слеташ на чистинка во густа шума, триста милји од дома, да ти откаже дел од хеликоптерот без кој леталото е мртво, на чистинката да здогледаш барака, а во неа да живее авиомеханичар кој дома има нов неупотребуван дел од твоето летало...“

## Водата не ги сака дамите Мареј и Џесоп

Во ненапишаната енциклопедија на случки на случајни случајности, оние што со децении се вртат во светските медиуми и научни текстови на психоаналитичари, случката на госпоѓата Мареј би зазела водечко место. Имено, оваа дама била службено присутна на овие бродови-актери на трите најголеми поморски несреќи. На бродот „Титаник“, кој потонал 1912 година, била вработена како медицинска сестра и била една од 712 лица кои го преживееле потонувањето на еден од најголемите патнички бродови во човековата историја. Логично е да се рече дека, и таа и другите преживеани во тој бродолом имале среќа. Што, меѓутоа, да се каже, ако се знае дека истата госпоѓа Мареј, на истата работа ќе се најде и на бродот „Лузитијана„, кој потонал во 1915 година, а меѓу преживеаните се нашла и таа. А дали се работи за „луда среќа“ ако се знае дека госпоѓа Мареј била и на бродот „Анаконда“ кој потонал 1927 година, а таа дома се вратила без ниту една гребаница. Каде е овде случајноста?

Феноменот случајност е една од вечните тајни во нашиот универзум. Планетарните случајни случки, забележани, прераскажувани и проучувани, потврдуваат дека во човеково опкружување делуваат сили кои се несфатливи за човековото искуство и за неговиот разум, а Карл Густав Јунг ги нарекува синкроницитет

Истото прашање бара одговор и во приказната за бродоломите на уште една дама, Аргентинката Виолета Џесоп. И таа била медицинска сестра која била вработена на британскиот брод „Олимпик“ кој потонал во 1911 година, по судирот со еден друг брод среде океан. Без ниту една ронка страв, Виолета следната година се вработила на „Титаник“ и среќно го преживеела неговиот неславен крај. Третото вработување на Виолета било на бродот „Британик“, оној што во 1916 година бил дел од флотата на воената морнарица на Велика Британија во Првата светска војна. Бродот, во Егејскиот Залив налетал на мина и веднаш потонал. Меѓу оние кои ја преживеале несреќата, случајно или не, била и госпоѓата Виолета Џеспоп.

## Како Чарлс се вратил дома

Една од најчудните случки на неверојатна случајност во нашата цивилизација е поврзан со патешествието на лешот на Канаѓанецот Чарлс Френсис Коглен. Тој бил роден на островот Принц Едвард на брегот на Атлантикот. Во родната Канада се занимавал со разни работи; бил рибар, курир во пошта, бербер, бакалин... и најпосле станал актер. Бидејќи






во таа работа бил успешен се вработил во еден патувачки театар и со него давал престави ширум северноамериканскиот континент.
По сплет на околности, последното место на неговото живеалиште бил градот Галвестон во Тексас, каде и умрел во 1899 година. Пред смртта на блиските им рекол дека не може да се помири со вистината дека нема да биде погребан во родното место.
Се разбира, бил погребан во Галвестон, но само до следната 1900 година, кога градот и локалните гробишта ги погодил силен ураган. Токму со тоа незапаметено невреме во Галвестон е сврзана и приказната за неверојатните случајности со анонимниот актер Чарлс Коглен. Имено, надојдената буица во спомнатото невреме во Галвестон го има ископано и однесено во блискиот океан и сандакот во кој бил погребан господинот Коглен.
Осум години подоцна, во 1908 година, рибарите на островот Принц Едвард од вода извлекле метален сандак на кој стоела лимена плочка на која било напишано името Чарлс Френсис Коглен, датумот на негово раѓање и на смртта, како и местото каде што е погребан. Некој од рибарите лично го познавале „чудниот Чарлс„, и биле зачудени како ковчегот со посмртните остатоци на нивниот некогашен сограѓанин стасале во водите покрај брегот на островот. Месниот учител решил да ја одгатне таа енигма и по едногодишно истражување открил неверојатно патешествие на сандакот во кој било телото на Коглен.
Имено, металниот сандак, тежок 150 килограми, по воден пат, носен од морски струи, поминал 5.600 километри за да стаса до брегот на островот Принц Едвард. Прашењето е има ли случајност во тоа што некој му ја исполнил желбата на актерот Чарлс Коглен, да биде погребан во родното место, покрај црквата во која бил крстен.

## Куршум кој памети

Рано утрото во 1893 година, Тексашанецот Хенри Зиленд навистина имал среќа. Куршумот што во него го испукал братот на неговата девојка, само го закачил над увото и завршил во блиското стебло. Инцидентот се случил поради смртта на несреќната двојка која не можејќи да ја преболи измамата на свршеникот, извршила самоубиство. Сакајќи да му се освети на несудениот зет, Марк Даглас пукал во Зиленд и, мислејќи дека го убил, се самоубил.
Дваесет години подоцна, во 1913 година, рано наутро, соседот го замолил Зиленд да го отсече дрвото покрај кое се случила спомнатата несреќа. Хенри молбата ја прифатил, но не можејќи стеблото да го урне со пила, решил тоа да го направи со помош на динамит. И така и направил, но при експлозијата, од дрвото излетал куршумот што таму се заринкал пред дваесет години и смртно го ранил. Покрај старото прашање, дали во прашање била случајност или нешто друго, стои и дополнително прашање: Зошто куршумот од минираното стебло го погодил токму Хенри, иако покрај него се наоѓале уште пет возрасни мажи.



## Нема спас од седмица и од гром

Американецот Алан Ваугхан со години ги собирал приказните за чудните коинциденции и објавил книга под наслов „Случајни случки“. Под реден број сто е забележана и оваа приказна, поврзана со животот на извесен Антони Кленси од Даблин. „Јас сум роден во седмиот ден од седмиот месец во 1907 година, како седмо дете на седмо дете и имав седум браќа. Кога имав 27 години отидов на една трка со коњи и во седма трка учествуваше коњ кој се викаше ‘Седмо небо’. Се обложив во седум шилинзи дека тој коњ ќе победи, но тој трката ја заврши како седми.
Во списанието „Фајт“, коешто исклучително се занимавало со објавување на неверојатни случки и приказни, во 1952 година е испечатена и приказната за извесен мајор Самефорд, кој не можел да се спаси од громот. Небото за прв пат му се налутило на мајорот во Фландрија 1918 година, но громот фрлен одгоре, само го симнал од коњот, но и тоа било доволно да се демобилизира и да се врати во родниот Ванкувер. Бидејќи по несреќата тешко се движел, почнал да се занимава со ловење риби и така, во 1924 година, со уште тројца другари стигнал на брегот од блиското езерце.
Кога рибите почнале да гризат, над езерото долетал црн облак

и се случила кратка грмотевица, доволно долга за громот да го погоди токму мајорот Самефорд, кој со другарите се сокрил под еден јавор. Тие поминале без гребаница, а тој останал парализиран.
Ако дотогаш можело да се каже дека е во прашање чиста случајност, таквата констатација во врска со громот и мајорот не е логична, бидејќи нивната трета „блиска“ средба, а особено четвртата, не се плод на случајност. Имено, во 1930 година мајорот, сместен во инвалидска количка, излегол на прошетка во паркот во Ванкувер и оттаму не се вратил повеќе жив. На жената којашто го придружувала ѝ останало само да констатира дека мајорот повеќе нема да има работа со „разлутеното“ небо. Но, не било така, бидејќи четири години подоцна, во Ванкувер, се случило невреме проследено со силни грмотевици. Кога поминало невремето, чуварите на локалните гробишта откриле дека во еден споменик удрил гром и мермерната плоча ја распукал на пола. И, погодувате, урнатиот споменик бил споменикот на гробот на мајорот Самефорд.

### Случајност или второ име за судбината

Од сите забележани случки на таканаречената случајност, поместени во еден куп публикации и научни списанија, онаа сврзана со двајца браќа од Бермуди, се сметка за една од најмистериозни загатки во нашата цивилизација. Имено, Ерскин Лоренс Ебин и неговиот само една година помал брат Невил, загинале под тркалата на едно такси, во период од една година. Чудо над чудата е тоа што и едниот и другиот при несреќата возеле ист мопед, ги згазил ист таксист, во истата улица, во истиот ден. А, што да се каже за податокот дека при двете несреќи во таксито се возел ист патник.

Миле Раденковиќ









Еден од најголемите психијатри-психоаналитичари, Швајцарецот Карл Густав Јунг, пред крајот на својот живот посветил многу време на случките поврзани со поимот случајност. И, како што веќе спомнав, тој таквата појава ја нарекува синхроницитет, односно дека е во прашање заемност на сили кои делуваат надвор од човечките сознанија. Со свои теории околу случајноста излегувале многу научници но и лаици, но ниту еден не дал одговор на прашањето што е тоа што некому и некаде се случува нешто што е надвор од човечкиот ум. Познатиот математичар Џон Њумен, на пример, заклучил дека е во прашање „црна магија“.
Случајноста и „црната магија“ ја поврзува и познатиот теоретичар Артур Кестлер, тврдејќи дека случајноста има примена во сите области на човековото живеење и дека на случајноста се засновани физиката, генетиката, осигурителните компании и коцкарниците. Меѓутоа, ниту тој ниту другите коишто се занимавале со феноменот случајност не даваат аргументи од што, поради што и како се случува случајна случка.





# „Варшава, 44-та“

Колку е потребно да се стигне до слободата? Колку храброст, одлучност и човечка сила се доволно за да се светне првата искра која ќе го осветли патот до неа? Постои ли нешто помоќно и повозвишено за човекот од таа борба?
Во 1944 година Варшава е окупирана од нацистите, а озлогласеното варшавско гето секојдневно се намалува со жители бидејќи се изнесуваат од градот стотици луѓе кои одат во неповрат – роднини, соседи, пријатели. Пристигнувањето на гласините дека Црвената армија сè повеќе напреднува со офанзивата кон полскиот главен град, го буди граѓанскиот отпор од подземјето и на повидок е востание кое се планира со цел да го привлече вниманието на нацистите, како диверзија, и да го олесни влезот на рускиот сојузник на окупираната територија. Но, востанието и судирите на градските улици, кои се првично проценети дека ќе траат два дена пред градот да биде конечно ослободен, се пролонгираат многу подолго, откако Црвената армија не успева да стигне до границите на градот, како што сите очекуваат. Целосно неспремни за таквиот развој, граѓаните на Варшава мораат да направат сè за востанието да не пропадне, бидејќи во спротивно, одмаздата на окупаторот ќе биде брутална. Како што минуваат деновите, станува очигледно дека оваа борба на варшавските улици ќе се „плати“ со висока цена во човечка крв.

## За љубовта, слободата и пепелта

„Варшава 44-та“, на исклучително визуелно привлечен, но и брутален начин, ни ги покажува страдањата на варшавската младина за време на востанието во 1944 и реперкусиите од истото, со фокус на љубовниот триаголник на Стефан, неговата пријателка Кама и русокосата Биедронка, сите тројца припадници на локалниот, антифашистички отпор. Иако кревки и неискусни во животот, без целосна слика во што се впуштаат напуштајќи ги „удобноста и привилегиите на цивилната зона“ и влегувајќи во милитаристичките кругови, сите тројца демонстрираат храброст својствена за врвни војници, а не на младина која е на залезот од тинејџерските години.
Стефан Завацки е млад човек кој е гневен на присуството на окупаторот во неговиот град. Додека неговите сограѓани, во обид да останат живи, се обидуваат да бидат покорни на нацистите, угодувајќи им и исполнувајќи ги нивните потреби и барања, Стефан едвај се воздржува да не ја истури врз нив неговата насобрана омраза. Дополнително, емотивно обрежан од смртта на неговиот татко кој се борел на фронтот, тој е сега главниот









маж во куќата, грижејќи се за неговата мајка-уметница и за неговиот помал брат. Непосредно пред востанието, неговиот пат се вкрстува со патот на убавата Биедронк, која речиси и не е зафатена од војната, живеејќи во удобноста на домот во предградието, заедно со нејзините добро ситуирани родители. Љубовта помеѓу двајцата е неизбежно да се случи но, истовремено, е афектирана од ужасот на окупацијата и последиците на војната. Токму таа љубов е двигателот на филмот, односно војната ја гледаме преку потрагата на двајцата љубовници еден по друг, потребата да се заштитат еден со друг и препреките кои ги минуваат по тој пат, а кои се далеку од наивни. Додека Варшава гори во оган од сите страни, како еден вид одмазда на нацистите за кренатото востание, и кога речиси целиот град е срамнет со земја, ние стануваме свесни за хororот и судбините на жителите, но и на Биедронка и Стефан, преку обидите да стигнат живи еден до друг, и да го спасат другиот, доведувајќи се себеси во животна опасност, сè додека Стефан не одлучи дека потребата да се даде себеси за слободата е можеби и поважна од љубовта кон Биедронка, но и од ветувањето кое го дава на својата мајка дека нема да се доведува во опасност или да се вклучи во редовите на Отпорот. Црнокосата Кама е третиот припадник на триаголникот – силна, храбра и независна, таа го вовлекува Стефан во редовите на варшавскиот отпор. За неа, без двоумења и сомнежи, борбата е највисокиот стремеж, бидејќи верува во неа и во другарите од Отпорот. За разлика од Биедронка и Стефан, кои доаѓаат од ситуирани семејства, таа потекнува од работничко семејство. Присуството на жените како воени фигури не било невообичаено во таа средина, бидејќи цивилната полска армија броела многу жени и деца, во отсуство на доволно мажи за борба. Една статисика вели дека 4000 жени и деца се бореле како дел од Отпорот.

## Визуелна лирика

Визуелниот квалитет на „Варшава 44-та“ е неспорен. Сцените се интензивни, живи, апокалиптични и сликовити,  до степен кој предизвикува да ја завртите главата настрана поради нивната преголема експресивност во прикажувањето на сцените од нападите. Врвната естетика на ефектите не е воопшто чудна ако го знаеме фактот дека во изведбата на специјалните ефекти учествувале Питер Џексон и соработниците на холивудскиот режисер Кристофер Нолан. Ричард



Баин, пак, освен зад ефектите на овој филм, стои и зад наградуваните Казино Ројал, Кинг Конг, и други холивудски блокбастери. Експлозиите, пепелосаните тела, парчиња човечко месо кое паѓа од небото, дожд од крв… филмот дефинитивно не е за луѓе со слаб стомак и преголема емотивност, иако опишува реалност од една војна која навистина се случила. Посебна уметничка нијанса даваат забавените сцени помеѓу Стефан и Биедронка, направени со изразена поетичност, лирика и убавина, како антипод на војната, вревата, брзањето околу нив. Првиот бакнеж и љубовта имаат моќ да го сопрат времето како контраст на звукот на куршумите кои летаат на сите страни. Ако за Стефан врвниот идеал е жртвата за слободата, за Биедронка тоа е жртвата за љубовта. Таа дури им го врти грбот на Отпорот поради нејзините чувства кон Стефан, преправајќи се дека е цивил за да успее да се протне низ населбите на градот и забранетите зони и да го најде. А, спасот, Стефан, на крајот, ќе го најде на едно место кое пренесува многу убава суптилна симболика – онаму каде ќе ја запознае Биедронка, во водите на Висла, од каде што претходно тој ќе ја спаси. Стефан губи сè. Најпрво неговиот татко кој никогаш нема да се врати од фронтот, па со свои очи го гледа погубувањето на неговиот помал брат и на неговата мајка среде улица,потоа  загинувањето на својата пријателка Кама и негова прва љубов… Сепак, тоа е само мал дел од цената која војната ќе им ја наплати на жителите на полската престолнина. Варшавското востание, кренато во петтата година на окупација на градот, иако неуспешно, важи за еден од наинтензивните и најжестоки демонстрации на Отпорот против нацистите. Во двомесечните борби загинале околу 17.000 волонтери на Отпорот и биле убиени  околу 200.00. Дури 90% од градот е уништен пред трагичната завршница во 63 дена судири, времетраење кое се поклопува со деновите на снимање на филмот. Јан Комаса, режисерот на овој филм, вели дека идејата била да му го покаже ова важно востание на светот, за тоа да добие заслужено место во светската историја.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** Jan Komasa

**Улоги:** Józef Pawłowski, Zofia Wichłacz, Anna Próchniak, Filip Gurłacz, Maurycy Popiel, Antoni Królikowski

**Сценарио:** Jan Komasa

**Кинемтографија:** Marian Prokop

**Монтажа:** Michał Czarnecki

**Музика:** Antoni Łazarkiewicz

**Година:** 2014

**Земја:** Полска

**Времетраење:** 128 минути

**Награди:** Најдобар филм од филмската критика на Полска, награда „Golden Rooster“ од публиката за најдобар филм и режија, награди на Полскиот филмски фестивал и полските филмски награди и други награди.



# Македонскиот заштитен

Јасен“ е природен резерват кој се наоѓа во Северозападна Македонија. Овој резерват е прогласен во 1958 година за заштитено подрачје. За влез на туристи бил забранет сѐ до 2005 година. Резерватот зафаќа површина од 24.000 ха. Највисока точка е врвот Караџица (2.473 м). На теренот е вештачкото езеро Козјак и повремено тече реката-понорница Оча. Други води нема.
Од флората се заштитени: Viola koshaninii, Thymus oehmianus, Dianthus kapinensis и други видови растенија. Од животни има дива коза, мечка, рис, а од птиците се лештарка, белоглав мршојадец, був и др. Резерватот „Јасен“ се протега на површина од околу 32.000 квадратни метри, најчесто таа површина има шума и патишта, како и голем број на пократки неасфалтирани патеки. Главни активности се пешачење, планински велосипедизам, кампување покрај езерата Матка и Козјак, параглајдерство, риболов, спелеологија, алпинизам.
Во кругот на резерватот има Центар за вештачко производство на дивеч – Фазанерија. Како резултат на применетата современа технологија, секоја година се произведува извонредно квалитетен подмладок на фазански дивеч, полски еребици и диви пајки.
Од крупен дивеч во ловиштето се застапени срни, муфлони, диви свињи и друг дивеч, еден дел е под заштита, а друг дел е на слобода. Ловиштето се протега на западните делови на планинските масиви Караџица и Сува Планина, а неговиот краен источен дел се допира со планинскиот венец Јакупица.. Поголемиот дел од дивечот се наоѓа во отворениот дел на ловиштето, каде што во најголем број се застапени дивите кози. Ова ловиште  во светот е познато по дивата коза, а во Европа по дивата свиња. Ловниот туризам на „Јасен“ се рангира меѓу првите три во светот според пакет-услугите што ги нуди оваа атрактивна дестинација.
Резерватот „Јасен“ располага со приближно 60 легла и два апартмани, распределени во 7 објекти. Има неколку помали сали со места за состаноци (распределени во тие објекти), за приближно 100 луѓе. Според некои стандарди за сместување, резерватот на располагање има 4 комплетно професионално уредени кујни и околу 25 тони капацитет на комори за замрзнување.
„Јасен“ можете да го посетите само организирано, бидејќи неговата огромна површина не дава можност безбедно да се движите без придружник. „Јасен“ не располага со хотелски капацитети, туку со ловечки објекти кои се отвораат по потреба, само за организирана група посетители.

Кристина Илиевска



# резерват „Јасен“








